USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

DEFENDING HUMAN RIGHTS PROJECT

Македонско здружение на млади правници

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2017

ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА
**ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Скопје, Декември 2017 година*

COPYRIGHT © 2017 MACEDONIAN YOUNG LAWYERS ASSOCIATION

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2017



## ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE
DEFENDING HUMAN RIGHTS PROJECT

Македонско здружение на млади правници

Овој документ е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД). Содржината е одговорност на Македонското здружение на млади правници и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на САД.

Наслов:
**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Издава:
Македонско здружение на млади правници – МЗМП Скопје

Подготвиле:
Благоја Пандовски
Митко Кипровски
Елена Георгиевска
Вера Мартиноска

Уредници:
Александра Цветановска
Гоце Коцевски

Ликовно графичко обликување и печат:
Креатива Лаб Дооел Скопје

Тираж:
100

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

342.7(497.7)(047)

ГОДИШЕН извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија / [подготвиле Благоја Пандовски ... и др.]. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2017. - 74 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Автори: Благоја Пандовски, Митко Кипровски, Елена Георгиевска, Вера Мартиноска

ISBN 978-608-4843-01-6
1. Пандовски, Благоја [автор]
а) Човекови права - Правна заштита - Ефикасност - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 105303050

# СОДРЖИНА:

**Листа на скратеници:** 6
**ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ** 7
За извештајот 7
За користената методологија 7
За правната заштита на човековите права во РМ 9

**Дел 1: ДОКУМЕНТИРАНИ ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА** 10
Област 1: Права поврзани со животот, телото и личноста 10
Област 2: Право на еднаквост и заштита од дискриминација 13
Област 3: Слобода на вероисповест 18
Област 4: Слобода на здружување и изразување на јавен протест 18
Област 5: Право на приватност 20
Област 6: Социјална заштита 22
Област 7: Право на здравствена заштита 25
Област 8: Право на здрава животна средина 27
Област 9: Права на децата 28
Област 10: Право на државјанство и правен идентитет 29
Област 11: Право на азил и интеграција на бегалци 30
Област 12: Права на странци и мигранти 34
Област 13: Пристап до правда во Македонија 36

**ДЕЛ 2: УСТАВНИТЕ ГАРАНЦИИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО 2017 ГОДИНА** **38**
2.1 Заштита на човековите права пред судовите на РМ 38
Случај 1: Љ.Ф. против Основен суд Скопје 2 39
Случај 2: Е.К. против Министерството за внатрешни работи 41
Случај 3: Е.К. против ЈЗУ Општа Болница Кочани 45
Случај 4: Х.Х. против Управа за водење на матични книги 48
Случај 5: А. и други против Министерството за внатрешни работи 52
2.2 Уставен суд на РМ 54
2.3 Постојана анкетна комисија за заштита на човековите права во РМ 58
2.4 Народен правобранител на РМ 59

**Дел 3: ПРЕГЛЕД НА ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ДОНЕСЕНИ ВО 2017 КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** 63

**За Проектот на УСАИД за заштита на човековите права** 70

# ЛИСТА НА СКРАТЕНИЦИ:

| | |
|---|---|
| **УСАИД** | Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави |
| **МЗМП** | Македонско здружение на млади правници |
| **РМ** | Република Македонија |
| **СЈО** | Специјално јавно обвинителство |
| **КПД** | Казнено - поправен дом |
| **КЗ** | Кривичен законик |
| **ЕБР** | Единица за брзи интервенции |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика на РМ |
| **НПМ** | Национален превентивен механизам |
| **ПТЦ** | Прифатен транзитен центар |
| **ЕСЧП** | Европскиот суд за човекови права |
| **ЕКЧП** | Европската конвенција за човековите права |
| **ОЈО** | Основно јавно обвинителство |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **КЗД** | Комисија за заштита од дискриминација |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **ЈУ МЦСР** | Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |
| **ЗАПЗ** | Закон за азил и привремена заштита |
| **ЗСЗ** | Закон за социјална заштита |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи |
| **ЗОУП** | Закон за општа управна постапка |
| **БПП** | Бесплатна правна помош |

# ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

## За извештајот

Годишниот извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија (Извештајот) е активност на *Проектот на УСАИД за заштита на човековите права* спроведуван од Македонското здружение на млади правници (МЗМП). Извештајот, трет по ред[1], ги презентира и документира повредите на човековите права идентификувани во 2017 година од страна на МЗМП. Покрај документирањето на повредите, Извештајот ја анализира и ефикасноста на механизмите за заштита на човековите права[2]. Извештајот ги анализира и пресудите на Европскиот суд за човекови права донесени во 2017 кои се однесуваат на РМ, а во кои е утврдена повреда на некои од правата заштитени во Европската конвенција за човековите права.

Извештајот има за цел да придонесе во создавање слика на состојбата во однос на заштитата на човековите права во РМ. Тој се надоврзува на останатите национални и меѓународни извештаи, со посебен фокус на правната заштита на човековите права, односно, како и до која мерка правните механизми како гарант за заштита на човековите права се ефикасни кога одредено лице ќе се обиде да ги искористи.

Првиот дел од Извештајот содржи опис на повредите на човековите права кои се забележани и документирани од страна на Проектот. Повредите се групирани во зависност од видот на човековото право кое е засегнато со нив. Вториот дел од Извештајот анализира дали и во колкава мера уставните гаранции за заштита на човековите права се покажале ефикасни во пракса преку студии на конкретни случаи и следење на постапувањето на надлежните органи. Последниот, трет дел од извештајот, ги презентира и анализира одлуките на Европскиот суд за човековите права донесени во 2017 кои се однесуваат на Република Македонија.

## За користената методологија

При изработката на овој Извештај, тимот користеше комбиниран аналитичко-синтетички пристап во однос на прибирањето на податоците, нивно документирање и анализа.

1 Годишните извештаи за 2015 и 2016 се достапни на веб страницата на МЗМП https://goo.gl/rf17Sn.
2 Шкариќ С. Уставно право, Скопје 2006. Стр. 331.

Извештајот има за цел да ги постигне следниве истражувачки цели: (1) да ги опише повредите на човековите слободи и права кои се идентификувани и документирани од страна на МЗМП; и (2) да анализира дали постојните правни средства и механизми, пред се судската заштита се ефикасни во обезбедувањето на заштита на граѓаните кога нивните слободи и права се повредени.

Податоците кои се однесуваат на идентификуваните повреди на човековите права се прибрани преку следниве извори на податоци: 1. Документирани поплаки и информации од граѓани, добиени преку бесплатната телефонска линија: 0800 77 800; 2. Документирани правни совети обезбедени од страна на адвокати; 3. Увид во списите од предметите поведени со помош од Проектот; 4. Следење и увид во објави на медиумите кои се однесуваат на случаи на повреда на човековите права; 5. Следење на релевантни меѓународни и национални извештаи кои се однесуваат на заштитата на човековите права во РМ, законодавната активност; и 6. Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Повредите на човековите права во овој Извештај се документирани користејќи *дескриптивен метод* со детален опис на фактичката состојба при што личните податоци на наведените извори се соодветно заштитени. Под повреда на човеково право се подразбира секое дејствие, пропуштање на дејствие, постапка, политика или пропис кои го попречуваат остварувањето на основните човекови слободи и права дефинирани во Уставот на РМ.

Ефикасноста на правните средства се анализира преку следење на статистички податоци за работата на институциите кои имаат надлежност во заштитата на човековите права, правна анализа на нивните одлуки како и со користење на методот студија на случај. Овој метод овозможува преку анализа на конкретен случај, за кој е овозможена правна помош во рамките на Проектот, да се утврди ефективноста на правните средства во пракса. При селекцијата на случаи кои се анализираат користени се следниве критериуми: да се засегнати поголем број на граѓани од проблемот и проблемот веќе да е забележан, да постојат факти и докази кои укажуваат на повреда на човеково право. Со оваа метода фокусот се става на следниве елементи од случаите: 1. Контекстот односно опкружувањето во кое настанал случајот, 2. Фактичката состојба, 3. Релевантните и важечки правни норми кои го уредуваат прашањето, 4. Расположливите правни средства во поединечната ситуација т.е. нивната правна уреденост и искуствата од поведените постапки, 5. Правни прашања кои ги отвара случајот и постапувањето на судовите.

Временскиот период опфатен со извештајот е од 1 јануари 2017 до 30 ноември 2017 година.

## За правната заштита на човековите права во РМ

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, како и владеењето на правото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Како највисок правен акт, Уставот утврдува листа на слободи и права на кои им се гарантира заштита во Република Македонија[3], а со ратификуваните меѓународни договори како дел од внатрешниот правен поредок, се дава можност и за вклучување на дополнителни слободи и права кои не се предвидени со Уставот. Заштитата на слободите и правата според Уставот се остварува преку т.н. **гаранции на основните слободи и права[4]. Основна гаранција која ја предвидува Уставот е можност за заштита пред судовите и Уставниот суд на РМ во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.**

Останатите гаранции за заштитата на човековите права кои Уставот ги предвидува, вклучуваат и судска заштита на законитоста на поединечните акти, како и активно запознавање на граѓаните со истите. Покрај овие гаранции, заштитата се остварува и преку почитување на принципот на владеење на правото (уставност, законитост, јавно објавување на законите, *vacatio legis* период, забрана за ретроактивно дејство на прописите, како и независна и самостојна адвокатура). Ограничување на слободите и правата е единствено дозволено во случаи утврдени со Уставот или за време на воена и вонредна состојба, но и во овој случај само на начин утврден со Уставот.

Покрај заштитата пред судовите, Уставот го воспоставува и Народниот правобранител на РМ како посебен орган кој ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации кои имаат јавни овластувања. Дополнително, Уставот воспоставува и Постојана анкетна комисија во рамки на Собранието на РМ која има за цел да ги штити слободите и правата на граѓаните.

3 Глава 2 од Уставот на РМ.

4 Уредени со членовите 50 -54 од Уставот на РМ.

# Дел 1: ДОКУМЕНТИРАНИ ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

## Права поврзани со животот, телото и личноста

**1. Животот, телото и безбедноста на пратениците и новинарите присутни во Собранието на РМ на 27ми април 2017 беа загрозени од насилна толпа која го искористи затајувањето на МВР и службата за обезбедување и влезе во Собранието на РМ.** Конститутивната седница на Собранието на РМ на 27ми април 2017 изврши избор на претседател на Собранието на РМ. За кратко време, извесен број граѓани од иницијативата *„За Заедничка Македонија“* кои протестираа пред законодавниот дом, насилно влегоа во просториите на Собранието, не спречени од никој. Новинарските екипи кои беа присутни во Собранието, го пренесуваа во живо движењето на протестантите низ просториите и насилничкото однесување на одредени групи. Дел од овие лица, маскирани се упатија директно кон салата каде што беа пратенците од парламентарното мнозинство и новинарите, каде успеаа да влезат и започнаа со фрлање шипки и се што им се најде при рака[5]. Видно од објавените снимки снимени со мобилни телефони од присутните лица, беше забележано дека дел од пратениците беа удирани со тупаници, клоци, столици, шишиња и насилно влечени. При навлегувањето во законодавниот дом, а и при искажаното насилство, интервенција на полиција и собраниското обезбедување со минимални исклучоци речиси и да немаше. Наредбата за акција и обезбедување на безбедно извлекување започна два часа по физичкиот напад, проследен со шок бомби, туркање и убедување, кое резултираше со празнење на зградата на Собранието. Овој настан во јавноста го доби името *„Крвавиот четврток“*. Епилогот од неколкучасовното дивеење во законодавниот дом, беа 70 повредени граѓани, 22 полициски службеници и четворица пратеници[6].

5 Извор: http://24vesti.com.mk/shto-se-sluchuvashe-na-krvaviot-chetvrtok
6 Извор: http://ombudsman.mk/mk/novosti_i_nastani/241396/reakcija_na_narodniot_pravobranitel_po_ povod_sluchuvanjata_so_nasilstvo_vo_sobranieto.aspx

**2. Неосновано лесна квалификација на кривичните дела од страна на Основното јавно обвинителство во обвиненијата против лицата кои беа вклучени во насилствата од *„Крвавиот четврток"*.** На 30ти април 2017 година МВР соопшти[7] дека поднело кривични пријави против 15 лица учесници во нередите во Собранието на РМ. Делата за кои постојат основи на сомневање дека се сторени, се: *"Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие"* по чл. 384 од КЗ на РМ, *"Учество во толпа што ќе изврши кривично дело"* по чл. 385 од КЗ на РМ. МВР до Основното јавно обвинителство (ОЈО) доставило и посебно известување за организаторите на протестите за евентуалното натамошно постапување на обвинителството околу целосното расчистување на случувањата од 27ми април годинава. Само двајца учесници на настанот, кои нападнаа пратеник и предизвикаа животно загрозувачки повреди, се осомничени за *кривично дело убиство во обид*[8]. Приближно еден месец по настанот, ОЈО поднесе обвиненија само за девет лица за кривични дела кои се преблаго квалификувани[9] и кои не соодветствуваат со кривичноправниот настан[10]. Загрижувачка е изјавата на претседателот на државата кој упати порака кон новото парламентарно мнозинство „да има доблест и да покаже акт на добра волја преку амнестирање на осомничените демонстранти[11]."

**3. Доктор специјалист по гинекологија континуирано лажел пациентки дека се бремени, а Министерството за здравство и Лекарската комора на РМ иако биле информирани за неговото несовесно и непрофесионално однесување не преземале соодветни дејствија.** Второто тримесечје на 2017 година беше одбележано со протекување на информацијата во јавноста за докторот специјалист по гинекологија и акушерство, кој вршел серија лажни претставувања на состојбата кај повеќе жени дека се бремени. За време на лажната бременост, докторот правел гинеколошки прегледи, мерел грло на матка, вербално ги убедувал дека се бремени, им препишувал терапии и правел гинеколошки скрининзи за детално да се прегледа плодот[12]. Против него, една од манипулираните жени поднела кривична пријава. Во обвинителство се води истрага за кривичните дела *„Тешки дела против здравјето на луѓето", „Измама"* и *„Фалсификување на исправа"*. Освен кривичната пријава, за овие случаеви известени се и Лекарската комора (која иако имала и претходни сознанија за истото подолг период повикувајќи се на објективни причини

7 Официјалното соопштение на МВР е достапно на http://www.mvr.gov.mk/vest/4050

8 Извор: http://telma.com.mk/vesti/pravnicite-i-ekspertite-baraat-celosno-raschistuvanje-na-nastanita-vo-sobranieto

9 Извор: https://www.slobodnaevropa.mk/a/28497383.html

10 Во оваа насока, Хелсиншки комитет за човекови права издаде посебен документ во кој анализираше 28 можни кривични дела од настаните од „Крвавиот четврток". Извештајот е достапен на http://mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/2282/Poseben_izvestaj_Sobranie_27_04_17.pdf

11 Извор: http://24vesti.com.mk/amnestija-za-napagjachite-vo-sobranieto-ne-smee-da-ima-izjavata-na-ivanov-e-neumesna

12 Извор: http://novatv.mk/ginekolog-devet-mesetsi-lazhel-patsientka-deka-e-bremena/

не била во состојба да го реализира надзорот над работата на гинеколог[13]) и Министерство за здравство (кое пак било запознаено преку поднесена претставка уште пред неколку години, а сепак со трансфер од приватно тој е префрлен да работи во јавно здравство).

**4. Праксата од спроведувањето на кадаверичната трансплантација на органи во РМ укажува на сериозни недостатоци во системот кои значително го повредуваат достоинството и интегритетот на семејствата чии блиски биле донатори на органи.** Во 2017, МЗМП беше запознаено со случајот на 58-годишна жена која поради тешко заболување била упатена на лекување во една од болниците во главниот град, каде и починала. По констатираната смрт, еден од докторите кои ја лекувал го известил семејството на починатата дека постои можност нејзините бубрези да бидат донирани и трансплатирани за да се спасат два детски животи, за што нејзиниот син и ќерка дале согласност и потпишале одреден документ од кој не добиле примерок. Трансплатацијата без понатамошни сознанија на семејството, е извршена. Како донатор на орган, семејството на починатата има право на надомест на трошоците за закопот на починатата платен од државата. Кога го закажале погребот, во даденото време, во присуство на роднините и пријателите, телото на починатата не пристигнало, при што погребот бил откажан. Семејството морало со полиција да го бара телото на починатата, а го нашле наредниот ден. Телото им било врачено голо, замотано во крвав чаршав, без соодветен ковчег, видно искасапено на предната и на задната страна, со рез во пределот на бубрезите и пределот на главата без никаков документ. Погреб повторно е организиран, а семејството е дополнително изложено на финансиски трошоци. Во меѓувреме, синот и ќерката ја побарале целокупната документација за медицинската историја и постапката за трансплантација, но безуспешно. Целокупниот случај изобилува со сериозни индиции за сторени кривични дела кои биле насочени кон достоинството и телесниот интегритет на човекот, како и настанување на нематеријална и материјална штета на семејството на починатата. Имено, според Уредбата за начинот на работа на координаторот за земање и пресадување на делови од човечкото тело и висината на надоместокот за работите што ги врши, грижата за телото на умреното лице од кое е земено орган или ткиво се организира од страна на координаторот[14]. Согласно Законот за земање и пресадување на човечкото тело заради лекување, Министерството за здравство обезбедува и координира дистрибуција и размена на органи или ткива меѓу овластени здравствени установи[15], додека овие работи Министерството ги врши преку Националниот координатор за трансплатација[16]. Оттука, а имајќи ја предвид целокупната законска регулатива, видно е дека постојат низа пропусти со кои се доведува до прашање личноста на дарителите,

13 Извор: http://novatv.mk/nova-otkriva-serija-zheni-zhrtvi-na-istiot-ginekolog/

14 Член 3 став 4 од Уредбата

15 Член 54 став 1 точка 4 од Законот за земање и пресадување на човечкото тело заради лекување

16 Ibid., став 3

почитување на достоинството на човекот како и неговите основни човекови права, што дополнително фрла сомнеж на целокупната постапка за организирање на процедурата за донација и трансплатација на органи во Македонија.

**5. Четири случаи на фемициди во 2017та.** Статистиките[17] на МВР за првата половина од 2017 година од областа на семејното насилство забележуваат едно убиство на жена од страна на нејзиниот сопруг и два обида за убиство. Поранешен полицаец, на 84-годишна возраст, во јуни 2017, од неутврдени причини, со својот пиштол кој го поседувал со дозвола, испукал куршум во правец на неговата 78-годишна сопруга, а потоа пукал и кон неговата ќерка нанесувајќи и повреди во пределот на главата[18]. Кога во куќата влегол неговиот внук, го застрелал, па внукот починал на лице место. Потоа, убиецот се самоубил пукајќи си во главата. Сопругата во болница ѝ подлегнала на огнострелната повреда во пределот на грлото и починала. Во јули 2017, 43-годишна скопјанка починала во амбулантата во Шуто Оризари откако претходниот ден била физички нападната од својот сопруг.[19] Во август пак, 2017 година, поднесена е кривична пријава против 35-годишен скопјанец кој ја запалил својата 32 годишна поранешна сопруга[20] . Тој е осомничен за кривично дело „убиство" и според првичните информации го признал делото. Според МВР, тој ја намамил својата поранешна сопруга во селото Љуботен, каде ја полил со бензин пред детето, а потоа и ја запалил. Жртвата починала веднаш, а осомничениот со детето побегнал од местото на настанот. Во септември, 38-годишен маж се пријавил во полициска станица дека е убиец на неговата поранешна 27 годишна вонбрачна партнерка, која била пронајдена во Гостивар со убодни рани од остар предмет, најверојатно нож, нанесени по телото и која според јавниот обвинител починала од насилна смрт[21].

## Право на еднаквост и заштита од дискриминација

**6. Ускратено право од работен однос поради политичка припадност.** На 63-годишна професорка по физичко воспитување во средно училиште и е ускратена можноста за продолжување на договорот

17 Најранлива категорија во семејното насилство и понатаму се жените, се нотира во полугодишниот извештај на МВР, 09.10.2017, достапен на http://www.akademik.mk/najranliva-kategorija-vo-semejnoto-nasilstvo-i-ponatamu-se-zhenite-se-notira-vo-polugodishniot-izveshtaj-na-mvr/

18 Извор: http://sitel.com.mk/pochina-i-soprugata-na-ubiecot-od-butel

19 Извор: http://vesti.mk/read/news/13604787/4691235/zhena-pochinala-vo-shuto-orizar-otkako-bila-istepana-od-soprugot

20 Извор: http://fokus.mk/skopjanets-ja-zapalil-zhiva-svojata-poraneshna-sopruga/

21 Извор: http://www.libertas.mk/osomnichen-za-ubistvoto-vo-gostivar-sa/

за вработување по навршени 64 години старост. На професорката и е доставено решение за прекин на договорот, со образложение дека работничката ги остварила условите за старосна пензија иако професорката се уште немала наполнето 64 години старост. Согласно Законот за работни односи, рокот за поднесување изјава за продолжување на договорот за вработување е најдоцна до 31ви август во тековната година, која изјава професорката ја поднела на 11ти април и со тоа законскиот рок е запазен. За време на нејзиниот работен однос, таа честопати имала несогласувања со директорката на училиштето, особено кога професорката била претседателка на Училишниот одбор. Таа смета дека основот за непродолжување на договорот за вработување, односно за прекин на договорот е нејзината „политичка непокорност“[22].

**7. Ускратено право од работен однос поради здравствена состојба.** Н.Н бил вработен во една компанија, со договор за работа на неопределено време. Кон крајот на јануари 2017, поради болки во р'бетот, му било препорачано мирување и му била препишана терапија, а следствено - бил упатен на боледување. Но, здравствената состојба му се влошила, па била извршена и хируршка интервенција. По завршувањето на боледувањето, се вратил на работа на 02.05.2017 година, кога кон него започнал засилен дискриминаторски третман манифестиран преку: намалување на работните обврски, присилба да работи половина од работното време за половина од платата, вршење притисок да даде отказ, мобинг, поставување ултиматум да прифати понуда да го откаже договорот за вработување „доброволно“ и да потпише нов со ограничено траење - до 01.09.2017 година. Поради објективната способност на Н.Н да ги исполнува работните обврски, тој се спротивставил на овој однос, меѓутоа на 22.05.2017 добил отказ поради т.н деловни причини иако компанијата работела со вообичаениот обем на обврски. Од околностите на случајот јасно произлегува дека здравствените проблеми на лицето и особено долгото траење на неговото боледување биле пресудни за да се промени односот кон него и тој да биде отпуштен од работното место.

**8. Ограничен пристап до образование за децата со посебни потреби.** Дете кое е на возраст од 12 години, со попреченост, запишано е во специјално училиште на 7 годишна возраст. Според родителот, со детето воопшто не се работело. По неколку години од запишувањето на детето во специјалното училиште, родителот е известен дека не може да се постигне напредок и побарано е детето да се премести во друго училиште. Иако во текот на годините не посетувало редовно настава и нема никаков прогрес во знаењето, издавани се свидетелства за постигнат определен успех. По преместување во друго специјализирано училиште, повторно

22 Извор: http://civilmedia.mk/polititchka-odmazda-ili-npoznava-na-pravoto/

нема можност за работа со детето, иако и оваа установа издавала годишни свидетелства. Детето воопшто не е вклучено во образовен процес. Иако со членот 30 од Законот за основното образование е воспоставена обврска за Министерот за образование и за Бирото за развој на образование да утврдат наставен план и програми за децата со попреченост, сепак од увид во интернет страницата на Бирото за развој на образованието, вакви програми нема за 1во до 6то одделение и истите започнуваат од 7мо одделение. И покрај тоа што во членот 42 од Законот е определено дека во паралелка каде има деца со попреченост може да се ангажира дефектолог, поголемиот дел од децата со попреченост кои се запишани во редовно образование на настава одат придружувани од стручно лице (дефектолог) кое родителите го плаќаат приватно.

**9. Дискриминација по основ на попреченост поради непристапна инфраструктура.** Дете со телесна попреченост има отежнат пристап до својата куќа поради неприлагоденост на инфраструктурата согласно неговите потреби. Патот кој води до куќата е неизграден, а дополнително со постапка за приватизација припаднал на негов сосед. До куќата се стигнува по скали и стрмен земјен пат, па поради тоа пристапот до и од куќата е отежнат дури и со помош на друго лице. Поради сето ова како и поради непостапувањето на локалната самоуправа во насока на прилагодување на инфраструктурата за лицето со попреченост, тоа е принудено голем дел од денот да поминува во својот дом. Барањата на родителот за приспособување на инфраструктурата од страна на локалната самоуправа и нејзиното непостапување кон ваквото барање не се земени предвид и по нив не е соодветно постапено.

**10. Отежнат пристап до водоснабдување во населби во кои мнозинството од жителите се од ромската етничка заедница.** Жителите на две ромски населби (околу 80 куќи) во Општина Прилеп се соочуваат со проблем во однос на водоснабдувањето. Во овие две населби постои само една централна чешма изградена од или во соработка со невладини организации, но поради тоа што општината нема изградено инфраструктура односно не постои цевководна мрежа, жителите не можат водата да ја спроведат до своите домови. Поради ова, жителите се приморани да се снабдуваат со вода од централната чешма во населбата. Иако повеќе пати е побарано, Општината до сега нема преземено никаква активност во насока на решавање на овој проблем. Согласно членот 185 од Законот за водите, градоначалникот е должен и за *„развивање и одржување на ефикасен и економичен систем за водоснабдување со вода за пиење во доволни количини и според барањата на сите законски корисници“*, обврска утврдена и во членот 22 од Законот за локалната самоуправа каде се вели дека општините се надлежни за комуналните дејности како снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведување и прочистување на отпадните води.

**11. Ограничен пристап до угостителски услуги за лицата од ромската етничка заедница.** Од непосредни разговори со граѓани, зачестени се случаите кога на лица од Ромска етничка припадност им се забранува пристап до кафулиња, ресторани и дискотеки. Ваквата пракса е забележана во речиси сите општини во Република Македонија, а особено во Општина Прилеп каде постојат случаи на одбивање на резервација во ресторан за семејна прослава. Објаснувањето кое Ромите го добиваат во ваквите случаи е дека „нема место" односно дека „се е резервирано" иако кафулето / ресторанот е сосема празно. Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД) во 2016 веќе има утврдено дискриминација, односно ограничување на пристапот до јавни услуги врз основа на етничка припадност. Во случајот пред Комисијата, оневозможен е пристапот до базен на лица од Ромска националност само поради етничката припадност. Сепак, и покрај препораките на КЗД, праксата на дискриминација на Ромите и понатаму е застапена во РМ.

**12.Сегрегација на деца од ромска етничка припадност во основното образование.** Забележан е случај на сегрегација на Роми во основно училиште во Општина Штип. Во случајот од три паралелки на деца запишани во прво одделение, една е составена единствено од деца од Ромска етничка заедница. Од страна на Министерството за образование и наука (МОН) е извршен вонреден инспекциски надзор и констатирана е неправилност. Директорот на училиштето не постапил по укажувањата упатени до него од страна на МОН. Интенцијата на законодавецот во поглед на развивање на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција е повеќе од очигледна. Во таа насока во членот 34-в од Законот за основно образование се предвидува организирање на активности каде групите треба да бидат од мешан јазичен и етнички состав.

**13. На лицата со признато право на азил под супсидијарна заштита им е ускратено правото на субвенционирање на сметки за електрична енергија.** Лицата со признато право на азил под супсидијарна заштита имаат право на домување во станбен простор доделен со решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи (ЈУМЦСР) на Град Скопје и склучен договор за користење на станбен простор во времетраење од пет години. Истовремено, на дел од овие лица им е признато правото на социјална парична помош. МЗМП се запозна со случај на лице со признанено право на азил под супсидијарна заштита, кој го остварува и правото на социјална парична помош, но не ја користи субвенцијата за електрична енергија. Сметките за електрична енергија кои гласат на негово име, тој ги подмирува во рамки на своите можности. Заради тешката материјална положба лицето побарало субвенции за плаќање на сметките за електрична енергија меѓутоа кога се обратиле во Центарот за социјални работи биле информирани дека тоа право им следува само на

македонските државјани. Ваквата пракса нема основ ниту во Законот за азил и привремена заштита (ЗАПЗ) ниту во Законот за социјална заштита (СЗС). Лицата кои се под супсидијарна заштита ги уживаат истите права на социјална заштита како и македонските државјани. Поради тоа, ваквата пракса е дискриминаторска кон оваа група на луѓе.

**14. Засилениот говор на омраза од јавни личности и политичари придонесе во развој на настаните кои се случија на *„Крвавиот четврток“*.** „Крвавиот четврток“ е настан кој сам по себе изобилува со низа детектирани повреди на основните човекови слободи и права. Изјавите кои претходеа на овие настани изобилуваа со повици за насилство кон политичките неистомисленици. Истото може да се каже и за пренесуваните преку медиуми изјави и говори на јавни личности и политичари, како и секојдневните повици на демонстрантите од иницијативата „За заедничка Македонија“, преку кои на неколку пати беше посочено кон етничките заедници во РМ во негативна конотација и со омаловажување. Во изолирани случаи беше забележан директен говор на омраза кон политички претставници, во вид на повици за нивната „смрт или линчување“[23].

**15. Дискриминација по основ на јазик во единица на локална самоуправа.** Вработен во скопска општина на неколку наврати бил дискриминиран врз основа на јазик на работно место, на начин според кој секторскиот раководител не му дозволувал да го користи својот мајчин јазик во секојдневната неформална комуникација со колегите[24]. Против ваквото постапување се изјаснила и КЗД по повод поднесената претставка и утврдила дека постои дискриминација, упатувајќи препорака да се отстрани повредата во извесен рок. Образложението кое КЗД го дала е во врска со службениот јазик во општината, кој впрочем е македонскиот и тој треба да се употребува во службената комуникација, но дека секој може да го користи својот мајчин јазик во неформална комуникација и дека тоа право не може да му биде ограничено и да му биде забрането на ниту еден вработен во истата.[25]

**16. Дискриминирачки содржини кон еднородителските семејства содржани во учебникот по „Општество“ за четврто одделение.** Во учебник за четврто одделение по предметот „Општество“ е содржана вежба која бара од учениците да залепат фотографија од свадбата на родителите и истите да наведат дали родителите склучиле брак во црква или матична

23 Извор: http://mhc.org.mk/reports/586?locale=mk#.Walq3sgjGUk
24 Извор: http://mhc.org.mk/reports/570?locale=mk#.Walq5cgjGUk
25 Ibid.

служба. Вежбата е дел од наставната програма и е наменета за сите деца. Граѓанските организации реагираа на ваквото постапување кое го сметаат за вознемирувачко и стигматизирачко кон сите оние деца и родители кои што живеат во нетрадиционални семејства, еднородителски семејства, вонбрачна заедница или пак родителите склучиле граѓански брак, но не направиле свадба.[26]

## Слобода на вероисповест

**17. Директор на основно училиште им забранувал на ученички да ја посетуваат наставата бидејќи носеле шамија поради религиозни определби.** Ваквото постапување директорот го оправдувал врз основа на допис од Министерството за образование. Постапувањето на директорот на основното училиште беше критикувано од страна на Народниот правобранител кој упати насока дека Уставот на РМ и Европската конвенција за човекови права предвидуваат слобода на вероисповед и слобода на изразување на религијата. Уште повеќе, и според Конвенцијата за правата на детето, слободата на манифестирање на вероисповедта може да потпаѓа само под ограничувања предвидени со закон, а вакви ограничувања не се предвидени со Законот за основното образование и со другите важечки законски прописи[27].

## Слобода на здружување и изразување на јавен протест

**18. Арбитрарни и насочени инспекции и контроли кон граѓанските организации во РМ.** Во периодот од декември 2016 па сѐ до мај 2017 година, 21 граѓанска организација беа предмет на интензивна надворешна контрола од страна на Управата за јавни приходи[28] (УЈП). Паралелно, во истите организации беа вршени прегледи и беа прибирани податоци и документи во рамки на предистражни дејствија спроведувани од Финансиската полиција, а по налог од Јавен обвинител. Предмет на контролата и прибирањето на податоци, иако непрецизно одреден,

26 Извор: https://goo.gl/gsDJCB
27 Извор: http://www.pravdiko.mk/ombudsman-na-devojchinata-vo-ohrid-da-im-se-dozvoli-so-shamija-da-ja-sledat-nastavata/
28 Извор: https://advox.globalvoices.org/2017/02/26/macedonias-ruling-party-is-draining-civil-society-groups-time-and-money/

беше целокупното финансиско работење на овие организации од 2012 година до денес. Контролите беа насочени кон организации кои работат на заштита на човековите права и демократизација на македонското општество и во повеќе наврати јавно истапија против политиките на тогашните владеачки политички партии. Уште при самото започнување на контролите од страна на засегнатите организации беше истакнато дека не се работи за редовни и законски контроли над кои граѓанските организации се обврзани, туку за насочен притисок кон нив[29]. Во прилог на ова говори и фактот што контролите коинцидираа со паралелни јавни изјави од страна на водечки политичари дека ќе се пристапи кон процес на „десоросоизација" на општеството и воспоставување на нов „автентичен" граѓански сектор[30] како и координиран медиумски атак[31] и атмосфера на притисоци кон организациите и кон поединечни активисти[32]. На 30ти мај 2017, претставник на Антикорупциската комисија на РМ јавно изјави дека оваа комисија ги иницирала контролите и побарала постапување од страна на УЈП и ОЈО[33]. На 17.11.2017 година, Министерот за внатрешни работи на РМ Оливер Спасовски истакна дека сите предистражни дејствија се затворени затоа што не произлегле никакви докази за противзаконско постапување на граѓанските организации.[34]

**19. Активисти и здруженија јавно се жигосуваа и клеветеа како странски платеници и предавници.** Во првата половина од 2017 продолжи праксата започната претходно јавно да се прозиваат и неосновано клеветат граѓански организации и истакнати активисти како странски платеници. Ваквото непрофесионално и неетичко постапување кое таргетира истакнати интелектуалци и активисти и ги етикетира како „предавници" го повредува нивното право на здружување и јавно искажување на мисла. Жигосувањето и притисоците вклучуваа и формирање на „граѓанско" движење *„Стоп Операција Сорос"* [35] кое преку натписи и објави во медиумите неосновано и непоткрепено изнесуваше лажни наводи како и доверливи информации за лица кои од нивна страна беа оценети како нивни неистомисленици.

**20. Притисоци и опструкции од страна на Советот на Општина Валандово кон граѓанската иницијатива „Спас за Валандово" која бараше спроведување на локален референдум за произнесување на граѓаните „за" или „против" отворање на рудници на територијата на општината.**

29 Извор: https://www.state.gov/documents/organization/265658.pdf
30 Извор: https://monitor.civicus.org/newsfeed/2017/01/31/Maceonia-Soros-funded-civil-society/
31 Извор: https://stopsoros.mk/
32 Извор: http://www.mcms.org.mk/images/docs/2017/izveshtaj-za-ovozmozhuvachkata-okolina-za-razvoj-na-gragjanskoto-opshtestvo-vo-makedonija-2016.pdf P. 11
33 Извор: http://sdk.mk/index.php/makedonija/antikoruptsiskata-komisija-prva-ja-pochnala-desorosoizatsijata-shto-ja-naracha-gruevski-pobarala-kontrola-za-21-nevladina-organizatsija/
34 Извор: http://24vesti.com.mk/zatvorena-istragata-za-desoroizacija
35 Извор: https://www.facebook.com/stopoperacijasoros/

Во мај 2017, неформалната група на граѓани од Општина Валандово „Спас За Валандово – СОС“ поднесе граѓанска иницијатива за организирање на локален референдум. Целта на иницијативата беше на граѓаните да им биде дадена можност да се произнесат дали се „за“ или „против“ отворање на рудници на територијата на Општината. По успешното прибирање на 100 потписи за иницирање на граѓанска иницијатива за собирање на потребниот број потписи за организирање на референдум на локално ниво (20% од вкупниот број запишани избирачи), иницијативата се соочи со опструкции и отворени закани и притисоци од страна на локалната власт. Опструкциите, заканите и притисоците се остварија преку одолговлекување на дејствијата кои локалната власт беше должна да ги спроведе во законски рокови со цел да се организира и спроведе референдумот.

## Право на приватност

**21. Посвоениците немаат право да имаат информации за своите биолошки родители.** Лицето Х.Х е посвоеник во семејство откако била згрижена во Домот за доенчиња и мали деца во Битола до својата трета година, кога со решение од Центарот за социјални работи Скопје била дадена на потполно посвојување. Таа не поседува официјални податоци за нејзиното раѓање, рано детство, севкупна медицинска историја и анамнеза, ниту извештаи од социјалните работници за нејзиниот напредок и прилагодување во Домот за доенчиња и мали деца во Битола. Лицето има потреба да оформи целосна слика за нејзиниот емоционален и психолошки развој во детството, како дел од нејзиниот приватен и семеен живот поради што поднесе барање за информации за спроведената постапка на посвојување до Центарот за социјални работи во Скопје. По повод барањето, беше одговорено со известување дека тие податоци се доверливи, кое известување не може да се смета како акт согласно Законот за општа управна постапка (ЗОУП). Лицето се обрати до Министерството за труд и социјална политика (МТСП) поради молчење на администрацијата, по што повторно не беше изготвен соодветен акт туку беше испратено само известување за неможноста да се дадат тие податоци. Во жалбата беше предочено дека во време на засновањето на посвојувањето се применувал Законот за посвојување на СРМ (објавен во Сл.Весник бр.5 од 12.02.1973) кој што не предвидува тајност на податоците за биолошки родители при потполното посвојување. Дополнително лицето се повика и на судската практика на ЕСЧП во предметот *Godelli V Italy (33783/09)*. Во моментот за случајот е поведен управен спор.

**22. Граѓаните ниту во 2017 не добија судска разрешница и одговор на прашањето кој прислушувал во објавените телефонски разговори во пролетта 2015.** Граѓаните на РМ во 2017 не добија ниту судска ниту пак парламентарна разрешница и утврдување на одговорност за скандалот со прислушувањето кој произлезе од објавувањето на т.н. „бомби“ односно прислушувани разговори меѓу политичари од страна на опозицијата. Објавените разговори содржеа индиции за сторени кривични дела и ја предизвикаа државата да влезе во сериозна политичка криза, која и после две години - се уште не е разрешена. Особено загрижува тоа што покрај политичарите биле прислушкувани и голем број на новинари и лица од невладиниот сектор. Како еден од првите чекори преземени за разрешување на скандалот со прислушувањето беше и посетата на група од независни и искусни експерти од областа на владеење на правото на Европската Комисија, предводена од Рајнхард Прибе која изработи извештај (т.н. *„Извештајот на Прибе“*). Во овој извештај прецизно се идентификувани клучните недостататоци и проблеми од областа на владеењето на правото кои придонеле кон масовното прислушување.

**23. „Незаконски“ протек на личните податоци на студенти на машински факултет.** Непосредно на почетокот на годината, преку официјалните мејлови на Машински факултет при УКИМ, "протекоа" лични податоци на над 4700 студенти. Податоците се од датабаза користена од страна на Центарот за развој на нови бизниси и Центарот за Кариера (bsc.ukim.edu.mk)[36]. Една од претпоставките е дека оваа база на лични податоци можно е да е акумулирана преку разни натпревари и обуки за студенти организирани од страна на инкубаторот Бизнис старт-ап центар (Business Start-up Centre) кој се наоѓа на Машинскиот факултет[37]. Студентите добивале и-мејл од info@mf.edu.mk со прилог Excel фајл, кој ги содржел следните лични податоци: ID – идентификациски број во базата во која се регистрирани, корисничко име, лозинка за истото, име, презиме, датум на раѓање, пол, личен и-мејл, адреса, град, фиксен телефонски број, мобилен број, универзитет и факултет, смер, статус (недефинирано на што), која година на факултет биле студентите во моментот на запис во базата, година кога студентите го завршиле факултетот и дополнително неидентификувани колони како info и infoBSC[38]. Опасноста е дека лицата со пристап до базата може преку истите лозинки да се логираат на најпопуларните сервиси и друштвени мрежи како Facebook, Instagram, SnapChat користејќи го личниот и-мејл кој е присутен во базата[39].

36 Извор: https://www.it.mk/lichni-podatotsi-na-nekolku-iljadi-studenti-se-shirat-po-mejl/ . It.mk
37 Ibid.
38 Извор: https://www.it.mk/shto-da-pravite-dokolku-vashite-lichni-podatotsi-se-zloupotrebeni-na-studentskata-lista/
39 Ibid.

**24. Личните податоци преку социјалната мрежа Фејсбук продолжуваат да се злоупотребуваат.** Се уште постои трендот на злоупотреба на лични податоци преку социјалната мрежа фејсбук. Злоупотребата најчесто се огледа во креирање на лажни профили на мрежата или неовластено навлегување во веќе постоечки профили и злоупотреба на прикачените фотографии. Дирекцијата за заштита на лични податоци на неколку наврати апелираше до граѓаните да ги заштитат своите лични податоци, а со тоа да ја штитат својата приватност. Причината за овој апел, а непреземање на конкретни дејствија, ја образложуваат со неможноста за стопостотна гаранција на правото на приватност.

## Социјална заштита

**25. Затворање на народната кујна во Куманово и Старо Нагоричане поради одржување на парламентарните и локалните избори на штета на локалното население кое се наоѓа во социјален ризик.** Народната кујна во Куманово и Старо Негоричане, за која девет години се подготвувала храна во Ученичкиот дом „Професор Мијалковиќ" во Куманово, прехранувала повеќе од 230 семејства во социјален ризик. Храна во Куманово се делела на два пункта на народната кујна: во просториите на месната заедница покрај Музичкото училиште и кај зелениот пазар на булеварот Октомвриска револуција, а за корисниците на Старо Нагоричане во Ученичкиот дом во селото Драгоманце. Од понеделник до петок корисниците добивале готвено јадење, а за викенд сува и конзервирана храна. Од 15ти февруари истата е затворена, прво поради парламентарните, а потоа и поради локалните избори закажани во октомври. Како причина за затворање на кујните е наведено тоа што центрите за социјална работа немаат одговорно лице кое би ја спровело јавната набавка и како последица на тоа не се во можност да ги извршат потребните набавки на намирници за редовно функционирање на народната кујна. Најсиромашното локално население во социјален ризик е оставено само на себе да се снаоѓа за прехранување, на начин на кој некои (помладите) бараат храна по контејнерите, а болните и децата буквално гладуваат[40].

**26. Оштетени пензионери од членувањето во втор пензиски фонд.** Во 2017 година беше проследена информација дека повеќе од 300 граѓани, скорешни пензионери, се оштетени затоа што биле доведени во заблуда да се осигураат и во приватниот фонд, покрај задолжителното осигурување

40 Извор: https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/gladuvaat-230-kumanovski-sotsijaltsi-oti-narodnata-kujna-6-mesetsi-e-zatvorena-poradi-izborite/

во државниот пензиски фонд. Зачленувањето на пензионерите во приватниот пензиски фонд се правело преку насоки од агентите кои советувале дека приходите ќе им бидат приближни[41], за разлика од анализите на МТСП од 2007 година кои покажале дека зачленувањето во вториот пензиски столб нема да биде од интерес на повозрасните лица[42]. Дознавањето на ваквото оштетување започнало кога еден од осигурениците поднел претставка до Народен правобранител, кој, пак, спровел постапка за испитување на случајот. Народниот правобранител констатирал дека износот на пензијата поради осигурувањето во државниот пензиски фонд и во еден од приватните фондови е помал од оној износ што би требало да го зема. Исто така, Народниот правобранител констатирал дека овие граѓани се оштетени затоа што при потпишување на договорот за членство во приватен фонд не им било кажано дека тоа неповолно ќе се одрази на нивната пензија.[43]

**27. Самохран родител на три деца, поради долгото траење на претходни управни постапки е оневозможена да го оствари правото на родителски додаток за трето дете.** Самохрана мајка на три малолетни деца, поднела барање за остварување на правото на родителски додаток за трето дете по истек на законскиот рок за поднесување на барање најдоцна до наполнување на три месеци живот на детето. Причината за пропуштањето на овој рок е поради насоките на службените лица во органот за водење на уписите за родени деца, кои увиделе дека мајката носи презиме различно од презимето кое било побарано за упис на детето. Мајката, следејќи го овој совет, поднела барање за промена на нејзиното презиме. Постапката за промена на нејзиното презиме, траела неполни два месеци, која резултирала до донесување на решение за промена на нејзиното презиме. Комплетирано со ваквото решение, таа поднела документи за упис на нејзиниот син, на кои им требало дополнителен месец да го упишат детето. Тоа предизвикало мајката да го пропушти рокот за поднесување на барање за остварување родителски додаток за трето дето кое било и потврдено со решение на МТСП кога решавал по повод нејзините жалба и барање за враќање во поранешна состојба на роковите. Бидејќи второстепениот орган не ја прифатил жалбата на мајката, а не го земал предвид ниту нејзиното барање односно предлог за враќање во поранешна состојба, поднесена е тужба за поведување на управен спор за оценување на законитоста на ваквото решение.

**28. Родителски додаток за трето дете може да побара само мајката на детето.** Мајка, која родила трето дете, непосредно се грижи за детето и на која претходните деца не и се сместени во установа за социјална

41 Извор: http://telma.com.mk/vesti/se-cheka-analizata-za-problemot-vo-penziite-od-vtoriot-stolb
42 Ibid.
43 Извор: http://www.slobodenpecat.mk/naslovna/po-ve-ke-od-300-gra-ga-ni-ke-ze-ma-po-nis-ki-pen-zii/

заштита или дадени на посвојување или и е одземено родителското право на деца од претходниот ред на раѓање, има право согласно Законот за заштита на децата да побара одобрување на родителски додаток за дете. Притоа мајката мора да ги вршела редовните здравствени прегледи кај специјалистот по гинекологија и акушерство, мора на детето да му обезбедувала задолжителни вакцинации и детето да мора да е запишано во редовно основно училиште, освен ако поради болест и повреда е спречено редовно да ја извршува наставата или има определен степен на попреченост па не може да се образува согласно закон[44]. Овој додаток, согласно истиот закон, може да го оствари таткото на детето како негов родител единствено кога мајката не е жива, детето го напуштила или кога поради оправдани причини[45] е спречена непосредно да се грижи за него. Додатокот по овој вид право, се прима месечно, во висина на основицата од 8.048,00 денари. Овој надоместок е ограничувачки и за лицата кои се борат за егзистенција па нивните деца не можат да ги испратат во училиште, што го наметнува прашањето зошто токму мајката да биде носител на ова право, а не и таткото доколку тој се грижи повеќе за детето, го носи редовно на вакцини, го запише на училиште и го следи во целиот процес на раст и развој[46].

**29. По две години административен лавиринт, лице со 99% оштетување на видот го искористува правото на поведување управен спор за оценка на законитост на решение со кое не и се доделува правото на постојана парична помош.** А.И. е лице кое освен со оштетување на видот е дијагностицирана и со дијабетична ретинопатија, па согласно конзилијарното мислење остварува право на додаток за слепило од прв степен. Како член на слабо имотно домаќинство, без дополнителни приходи, А.И поднела барање за остварување на право на постојана парична помош. Центарот за социјална работа донел Решение со кое го одбил барањето како неосновано. А.И. поднела жалба до МТСП во законски утврдениот рок. МТСП, постапувајќи по жалбата, донело Заклучок со кое ја отфрла жалбата поради формални недостатоци. Незадоволна од вака донесениот заклучок, А.И. повторно поднела жалба. Непосредно пред одлучувањето по оваа жалба, надлежниот ЦСР, иако знаел дека по овој предмет во тек е постапка по жалба, за истиот предмет донел ново првостепено решение по службена должност со кое повторно го одбива нејзиното барање. А.И поднела нова (трета) жалба против најновото решение. Овој пат, ЦСР на Град Скопје (а не месно надлежниот ЦСР според општина на живеење на барателката) донел решение со кое жалбата ја одбил како неоснована поради формални недостатоци. Следејќи ја

44 Член 38 став 4 и 5 од Законот за заштита на децата.

45 Како оправдани причини, согласно член 38 став 9 од Законот за заштита на децата се: подолготрајно континуирано болничко лекување на мајката, сериозно нарушена здравствена состојба на мајката, студиски престој, усовршување и специјализација на мајката и одземена деловна способност на мајката.

46 Извор: https://10bez10.com/vesti/makedonija/6056-narodniot-pravobranitel-bara-i-tatkovcite-da-zemaat-pari-za-treto-dete

правната поука за правното средство кое и стои на располагање, А.И повторно поднела жалба преку првостепениот ЦСР до МТСП. ЦСР, наместо да ја процесира жалбата, одлучило да изготви **едноставен допис, без број и датум, без упатување за што конкретно го доставува, ниту со поконкретно упатување, со кое ја известил дека немала право на жалба туку имала право на тужба**. Поднесена е претставка за спроведување инспекциски надзор над ЦСР и ЦСР на Град Скопје со образложение дека не е спроведуван ЗОУП на начин и по правила кои истиот ги предвидува, а сето тоа на штета на странката. На почетокот на октомври, МТСП одлучува да ја земе во работа жалбата која инаку е поднесена во март, но повторно носи решение со кое истата ја одбива како неоснована. А.И, по две години во првостепен и второстепен лавиринт на писмени поднесоци, жалби, ургенции и барања, успева да добие второстепено решение со кое ќе може да поведе управен спор, односно ќе може да бара да се оцени законитоста на овој управен акт пред Управниот суд.

## Право на здравствена заштита:

**30. Здравствената заштита на осудените и притворените лица во казнено-поправните установи е под секакво разумно ниво.** Нема напредок во здравствениот систем во казнено-поправните установи, напротив истиот е полош и нефункционален. Постои недоволната екипираност со медицински персонал и неопременост на амбулантите со соодветни медицински апарати. Пристапот до лекар во затворите или нема, или ако има - има само до 16 часот. Честиот недостаток на медикаменти се пречка во остварувањето на здравствената заштита на осудените и притворените лица. Народниот правобранител веќе три години укажува на потребата од системско регулирање на здравствената заштита, затоа што постоечкиот здравствен систем е нефункционален како и преземање итни и неодложни мерки со цел примена, отстранување на овие недостатоци и создавање услови на осудените и притворените лица да им се обезбеди здравствена заштита согласно домашните и меѓународните стандарди[47].

**31. По 10 години жените од Општина Шуто Оризари добија пристап до матичен гинеколог.** Во општината Шуто Оризари на средината на 2017 започна со работа долго најавуваната гинеколошка ординација. Општо познато беше дека жените во Шуто Оризари беа оставени без матичен гинеколог цели 10 години. Се проценува дека во населбата живеат повеќе од 13 000 жени во репродуктивен период, од кои најголемиот дел примаат

47 Извор: http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2016/GI-2016.pdf стр. 11

социјална помош, живеат во супстандардни услови, и значителен дел не се здравствено осигурани. Во многубројните апели и протести организирани од Иницијативата на жените Ромки од Шуто Оризари тие потенцираа дека немаат финансиски можности да одат во други населби, каде што, исто така имаа проблем да не бидат прифатени од матичните гинеколози. Во еден период, гинеколошката ординација беше дадена под концесија, но поради лични причини на гинекологот ординацијата престана со работа по неколку месеци. Пред три години, под притисок на јавноста почна да доаѓа гинеколог од Специјалната болница за гинекологија во Чаир , но тоа не го реши проблемот. Гинеколозите кои доаѓаа не можеа да бидат матични, односно да издаваат рецепти и упати, ниту да ги реферираат пациентките во болница[48].

**32. Неисплатени придонеси за здравствено осигурување на 220 вработени во МВР.** Над 220 вработени во Министерството за внатрешни работи немале здравствено осигурување во текот на 2017 година според Независниот синдикат на полицијата (НСП). Од синдикатот побарале Министерството за внатрешни работи да се произнесе по овој податок, зошто не се уплаќало здравствено осигурување за дел од вработените, а за некои од нив не е извршена уплата од декември 2013 година. Како последица од неплаќањето на придонесите вработените во МВР немале право на здравствено осигурување. Поради тоа биле приморани трошоците за здравствени услуги и лекови да ги покриваат приватно[49].

**33. Висока смртност на новороденчиња во РМ.** Во првите осум месеци од 2017 година во Македонија починале 127 доенчиња. Во 2015 починале 198 доенчиња, а наредната година-2016, тој број се зголемил за речиси 40 отсто, односно 273[50] починати доенчиња. Стапката на смртност на новороденчиња во Македонија е 11,9 % од 1000 , што е алармантно во споредба со европскиот просек за 2015 година, што изнесува 3.7% од 1000[51]. По смртта на четири предвреме родени бебиња на Гинеколошко-акушерската клиника во Скопје во иста ноќ, Државниот санитарен и здравствен инспекторат спроведе вонредни контроли. Инспекторите утврдиле недостиг од инкубатори, како и тоа дека во еден инкубатор биле сместувани по две новороденчиња. Ноќта кога починале новороденчињата, на одделот за интензивна нега имало 49 новороденчиња, иако капацитетот е за само 25. Понатаму, поради грешка во изградбата во системот за вентилација и терморегулација, инспекторите имале сериозни забелешки за состојбата во операционите сали, во салите за киретажа и работните простории. Во неколку болнички

48 Извор: http://novatv.mk/po-10-godini-ginekolog-vo-ambulantata-vo-shuto-orizari/

49 Извор: http://www.pravdiko.mk/vraboteni-vo-mvr-nemale-zdravstveno-osiguruvane/

50 Извор: http://telma.com.mk/vesti/na-sekoi-32-chasa-vo-makedonija-umiralo-po-edno-novorodenche

51 Извор: http://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Mortality_and_life_expectancy_statistics

соби и во подрумските простории каде што се лабораториите имало влага[52]. Директорката на клиниката изјавила дека предвидени се 3500-4000 раѓања годишно а на клиниката има по 6000 годишно. Клиниката има недостиг на медицински сестри, акушерки, неонатолози-педијатри и анестезиолози . Персоналот е преморен, медицинските сестри дежураат преку една вечер. Проблем е и цитолошката лабораторија каде што работат само двајца лекари специјалисти и двајца лаборанти за 300-400 анализи дневно. Во собата за доење нема протечна вода, стерилизаторите за пелени и топлење на шишињата со млеко се стари и со поминат рок, а креветите се стари и со дупки.

## Право на здрава животна средина

**34. Значително аерозагадување во текот на годината ги засега поголемите урбани центри во кои живеат 2/3 од населението во РМ.** Во 2017 РМ се најде на второ место во Европа по најголема загаденост[53]. Македонија денес има градови кои се на врвот на најзагадените места во Европа, додека Скопје, Тетово, Битола се континуирано на самиот врв во аерозагадувањето, а состојбата не е подобра во било кој друг аспект од животната средина. Од друга страна, и Куманово, иако не е голем индустриски град, влегува во оваа група. Според податоците на мерната станица, на почетокот на годината загадувањето во Куманово достигнало над 950 микрограми ПМ – 10 честички. Во истиот период, во Битола се измерени 996 микрограми ПМ-10 честички, 885 во Гази Баба, 795 во Карпош и 763 кај Ректорат. Во Македонија на годишно ниво има 900 до 1.000 смртни случаи кои се поврзуваат со квалитетот на воздухот кој го вдишуваат, а во пораст се и малигните заболувања[54]. Како резултат на ваквата катастрофална ситуација, белодробните, канцерогените и речиси сите хронични и малигни заболувања во Битола и околината, Тетово, Скопје се неколкупати повисоки во споредба со Европа[55]. Град Скопје, од друга страна располага со податок[56] произлезен од спроведени извршени мерења и истражувања дека како најголем извор на загадувањето, односно со учество од 32% за загаденоста се домаќинствата преку нивното индивидуално затоплување, сообраќајот придонесува со 20%, и уличната прашина со 19% и индустријата со 18%.

52 Извор: http://novatv.mk/uzhasot-na-ginekologija-pridonese-za-golemata-smrtnost-na-novorodenchina/

53 Извор: https://www.numbeo.com/pollution/rankings_by_country.jsp?title=2017&region=150

54 Извор: http://novatv.mk/gradonachalnitsite-bez-konkretni-merki-za-vozduhot-baraat-reshenija/

55 Извор: http://fokus.mk/mokta-e-vo-graganite/

56 Информација добиена преку слободен пристап, Одговор бр. 17-1176/2 од 23.02.2017 година, обезбеден од Сектор за заштита на животната средина и природата при Град Скопје

# Права на децата

**35. Злоупотреба на деца и средношколци за политички протест.** Во март беше забележано присуство на средношколци од повеќе училишта во Македонија на протестите „За заедничка Македонија“ кои со транспаренти пред нивните училишта испишани со „15 часот е добро време за револт“ се повикуваа да учествуваат во зачувување на унитарноста во Македонија. Медиуми[57] пренесуваа сведоштва од средношколците кои говореа за нивно масовно повикување преку летоци да ја прекинат наставата и да се вклучат во протестите. Директор на средно училиште во Прилеп одржувал политички говор на учениците во гимназијата, додека друг директор на прилепска гимназија ги наведувал гимназијалците да одат на протестите за одбрана на поранешната власт. Еден од прилепските директори на гимназиите, поради држење на националистички говор на учениците, се соочил со кривични пријави. Директорката на скопско средно училиште, која била донаторка на тогашната владејачка партија ВМРО-ДПМНЕ им издала наредба на учениците во 15 часот да излезат од училиштето[58]. Сите овие се само дел од постапувањата на низа одговорни лица на училиштата кои ги злоупотребувале децата за присуство на политички протести, кои предизвикаа низа реакции од самите родители, од Министерството за образование како и од Народниот правобранител по сопствена иницијатива.

**36. Несоодветна законска и институционална заштита на децата жртви на насилство.** Во 2017 се случија неколку акти на насилство врз и помеѓу деца кои укажаа на сериозни проблеми во законската и институционалната заштита на децата жртви на насилство. Пет деца се повредени во масовна тепачка меѓу средношколци од СДУ “Илинден” и СДУ “Боро Петрушевски” за време на турнир во фудбал. Деветгодишно дете од Охрид било силувано од страна на две повозрасни дечиња на 10 и 12 годишна возраст[59] и 11 годишно момче било насилно одведено и силувано од друго малолетно лице во близина на патот за Китка, во населбата Драчево.[60] Ова се само дел од објавите за 2017 година кои вклучуваат насилство врз деца на територијата на Македонија. Иако, во Македонија постои одредена правна и институционална рамка за **заштита на деца жртви на насилство**, истата не доведува до намалување на проблемот со насилство врз деца, ниту пак обезбедува нивна соодветна правна и психо-социјална заштита. Ре-виктимизацијата на децата жртви често се случува во постапките по пријавениот насилен акт, пред се поради недостигот на соодветни познавања од страна на стручните лица (социјалните и

57 Извор: http://tv21.tv/mk/?p=122862

58 Извор: http://www.slobodenpecat.mk/drustvo/si-la-te-ra-ni-uche-ni-tsi-te-od-jo-sip-broz-tito-da-odat-na-pro-test/

59 Извор: https://goo.gl/hALN4N

60 Извор: https://kajgana.com/11-godishno-dete-siluvano-vo-skopsko-drachevo

здравствени работници, образовни институции итн), но и од страна на адвокатите и правосудството.

**37. Лоши услови и несоодветна заштита во државни институции кои сместуваат деца.** Домот за деца без родители "11 Октомври" е дом на 50-тина деца за кои државата е „маќеа“. Без оглед на бројните донации од разни физички и правни лица, Домот е се уште со искршена ограда, дотраен мебел, излупени ѕидови, и искршени врати без никакво зеленило и ниско ниво на хигиена, а не обезбедува никаква заштита на децата кои живеат таму[61]. Истражувањето направено од една новинска агенција, покажува дека оваа институција воопшто нема напредок, без разлика што се направени бројни донации за помош на децата. Во прашање се доведува трошењето на средства кои биле наменети за Домот, а од кои нема никакви видливи резултати. Ваквите услови во Домот укажуваат на тотална негрижа од страна на државата и надлежните кон овие деца кои се посебна ранлива категорија и растат во средина која не е адаптирана со ниту еден принцип за заштита на деца на национално и меѓународно ниво. Голем број од овие деца се постојано на улица и се дополнително изложени на негативни влијанија и насилство, со што се поставува прашањето за тоа како тие ќе застанат на сопствени нозе и ќе можат да си ја обезбедат својата егзистенција со навршување на 18 години. Нивната интеграција во општеството е исто така проблематична и е дополнителен товар за реалноста во која децата без родители, чии права постојано се прекршуваат, живеат.

## Право на државјанство и правен идентитет

**38. Идентификувани 27 лица без државјанство во 2017 година.** Заклучно со месец септември МЗМП идентификуваше **27 нови лица** кои се соочуваат со овој проблем. 8 од нив се лица кои се долготрајни вообичаени жители на Република Македонија, (кои се родени на нејзината територија, но поради тоа што водат потекло од некоја од соседните држави кои биле во составот на бивша Југославија не биле примени во државјанство ниту на Македонија ниту на земјата на потекло), а **19 од нив** се деца чие што раѓање или лично име не е запишано во матичната книга на родените. До 20.09.2017 година, МЗМП асистираше и обезбеди правна помош на 31 лица кои беа примени во државјанство на Македонија и како последица на приемот во државјанство добија можност да си ги остварат и останатите права загарантирани со Уставот и законите: пристап до бесплатна

61 Извор: https://goo.gl/vqDw2V

здравстена заштита, образование, социјална помош, вработување и слично. **22 деца беа запишани во матична книга на родените** и 18 од нив како последица на уписот беа примени во државјанство на Македонија. На **24 лица** покрај правната помош, им беше обезбедена и финансиска асистенција да го **регулираат својот престој во Република Македонија согласно Законот за странци**. Наша цел е овие лица да ги доведеме до прием во македонско државјанство, но за таа цел потребно е законски да го регулираат својот престој како странци секоја година, согласно законот.

**39. Сложена постапка за дополнителен упис во матична книга на родените.** Во постапката не се почитуваат законски предвидените рокови за решавање на случаите и донесување на решение, постапката трае предолго, посебно во случаите на незапишани деца кои се родени во домашни услови. Постапката е уште повеќе усложнета и со Законот за измени и дополнување на Законот за матична евиденција. Со овие измени е предвидено да се достават и дополнителни докази во поткрепа на барањето за дополнителен упис, како на пример: педијатриска потврда за возраста на детето, ДНК анализа, изјави од сведоци заверени на нотар и сл. Доколку мајката е странски државјанин, потребни се и дополнителни докази од земјата на потекло. Сето ова ја усложнува и така комплицираната постапка за дополнителен упис, па поради ова, таа трае и по неколку години. Поради тоа, овие деца немаат пристап до основните предвидени права: пристап до државјанство, бесплатна здравствена заштита, образование, социјална помош, вработување и сл. Освен тоа, некои докумети воопшто не можат да се прибават поради прескапата такса за прибавување на истите. При ваквата состојба, се прекршува и начелото на економичност и ефикасност на управната постапка, кое определува постапката да се спроведе на наједноставниот можен начин со што помалку трошоци за странките. Меѓу другото, проблем е и тоа што матичните служби во однос на поднесените барања не носат формален правен акт - заклучок за запирање на постапката доколку нема доволно докази или решенија, макар и негативни. Проблемот се огледа во тоа што се цели кон оневозможување на користење на правото на правно средство, односно обжалување на тој акт или поднесување претставка против актот пред Народниот правобранител за заштита на правата на овие деца.

## Право на азил и интеграција на бегалци

**40. Отстапување од законски рокови во постапката за признавање право на азил.** МЗМП во текот на 2017 година заклучно со септември застапуваше 104 нови баратели на азил во Македонија, од кои 84 мажи,

9 жени и 11 непридружувани деца. Секторот за азил при МВР го призна правото на азил на 4 лица од кои 3 се непридружувани деца и им додели статус на лица под супсидијарна заштита. Во 2017 година МВР не додели ниту еден статус на признаен бегалец, како најсеопфатна форма на меѓународна заштита. МЗМП во текот на водењето на постапките за азил забележа, во повеќе случаи, отстапки од законските рокови. Согласно член 27 од Законот за азил и привремена заштита (ЗАПЗ), редовната постапка за признавање право на азил се спроведува од страна на Секторот за азил, кој е должен одлуката да ја донесе во рок од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето. Во 2017 година кај дел од постапките за азил, Секторот за азил ги донесе решенијата по поднесените барања за азил два месеци по истекување на законски определениот рок.

**41. Недоволно образложени решенија и ограничен пристап до доказите за барателите на право на азил на кои им се одбиени барањата.** Во случаите каде барателите се одбиени поради тоа што наводно претставуваат опасност по безбедноста на државата, тие немаат увид во доказот кој го тврди истото, ниту имаат право на жалба на таквиот доказ. За повеќе лица кои имаат иста земја на потекло и истовидна фактичка состојба, УБК дала негативно мислење преку издавање на доверлива службена белешка до која немаат пристап ниту Секторот за азил, ниту Управниот суд (поради класифицираноста на информациите кои ги содржи). Со други зборови, управниот орган носи решенија без да го види доказот, со што го повредува начелото на материјална вистина од чл. 8 од ЗОУП, чие остварување е единствено можно само со непосреден увид во доказните средства. На ова се надоврзува и невоедначената судска практика каде се носат различни пресуди во однос на истовидни фактички состојби. Заклучно со септември 2017, Управниот суд има донесено 17 пресуди во областа на азилот, додека Вишиот Управен суд има одлучено за само 1 предмет. Во постапките пред Управниот и Вишиот Управен Суд е забележано дека постои одолговлекување на постапката и непочитување на предвидениот законски рок од 2 месеца. Надлежните судови досега никогаш немаат навлезено во мериторно одлучување на предметите во областа на азилот, ниту имаат одржано јавна расправа иако ова е предвидено со Законот за управните спорови.

**42. Отежнат пристап на пазарот на труд за барателите на азил.** На барателите на азил на кои барањето за признавање на право на азил не им е решено во период од една година, оневозможено им е остварување на правото на слободен пристап на пазарот на труд кое им следува согласно член 48 став 1 алинеја 7 од ЗАПЗ. Причината за ова е што според член 13 став 3 од Законот за работните односи, работодавецот има обврска во пријавата до Агенцијата за вработување на РМ, меѓу останатите податоци да го наведе и ЕМБГ на работникот, а во законодавството на РМ не е

предвидена опција за определување на матичен број на категорија на лице барател на азил. Со ова лицата кои избегале од својот дом поради прогон од сопствената држава и нашле засолниште во нашата, немаат можност да го остварат правото на работа.

**43. Непризнавање на статус признаен бегалец на барателите на азил кои од Косово во 1999 избегаа во РМ.** Заклучно со септември 2017, МЗМП има застапувано 650 Косовски бегалци. На 408 лица им се призна правото на азил заради супсидијарна заштита, 18 лица добија статус на признаени бегалци, на 188 лица барањата им беа одбиени и 36 лица го регулираа престојот во РМ согласно Законот за странци. Во текот на 2017 година, примени се 111 решенија од кои 46 за продолжување на правото на азил заради супсидијарна заштита и 12 за признавање на право заради супсидијарна заштита. Додека за прекин на правото на азил се донесени 53 решенија, од кои 49 решенија се донесени согласно член 38 од ЗАПЗ, а 4 решенија согласно член 6 од ЗАПЗ односно, со образложение дека тие лица претставуваат опасност по безбедноста на Република Македонија и кои немаат пристап до доказите врз основа на кои се одбиваат нивните решенија и се недоволно образложени. Праксата на донесување решенија за прекин на правото на азил согласно член 6 од ЗАПЗ драстично се намали во однос на 2016 година во која беа донесени 32 вакви решенија.

**44. Управно-судската заштита на барателите на азил во РМ е долга и недоволно ефикасна.** Заклучно со септември 2017, Управниот суд има донесено 32 пресуди за лицата со признато право на азил, додека Вишиот Управен суд заклучно со 30.11.2017, нема одлучено за ниту еден предмет. Во постапките пред Управниот и Вишиот Управен Суд е забележано дека постои одолговлекување на постапката и непочитување на предвидениот законски рок од 2 месеца. Постапката пред Управниот суд до донесување на пресуда во просек трае по 265 дена, додека постапката пред Вишиот Управен суд пресудите се носат дури по 324 дена од поднесување на жалбата. Со ова настанува прекршување на правото на разумен рок загарантирано со ЕКЧП. Надлежните судови досега никогаш немаат навлезено во мериторно одлучување на предметите во областа на азилот, ниту имаат одржано јавна расправа, иако ова е предвидено со ЗУС.

**45. Пречки при процесот на интеграција на лицата со признато право на азил во РМ,** особено во постапките што се водат пред Управата за водење на матичните книги на РМ, Секторот за државјанство при МВР и Центрите за социјална работа при МТСП. Во постапките за прием во државјанство на РМ на лицата со признато право на азил, иако е постигнат главниот услов за законски престој од 8 години за лице под супсидијарна заштита и 6 години за признаен бегалец во Р.Македонија, како пречка во

процесот на натурализација се некои од условите предвидени во член 7 од Законот за државјанство. Имено се работи за потребните документи од земјата на потекло - Уверение дека не се води кривична постапка, Уверение од криминално досие и доказ за отпуст од досегашното државјанство. Дополнително, покрај овие документи, Секторот за државјанство при МВР бара и документи од матичната држава што не се законски предвидени, како што се извод од матична книга на родени и уверение за брачна состојба (ако лицето е во брак).

Исто така во постапката за склучување на брак на лице со признаено право на азил заради супсидијарна заштита или признаен бегалец, како потребни документи кои ги бара Управата за водење на матичните книги се документите од земјата на потекло – Извод од матична книга на родени и Уверение за слободна брачна состојба. Нејасно е зошто овие документи се барани од страна на овие органи и покрај тоа што се знае дека овие лица се со признаено право на азил во Македонија, а со тоа тие се под меѓународна заштита и не можат да остварат контакт со нивната земја на потекло. Издавањето на сите лични и статусни документи во Македонија се во надлежност на Секторот за азил при МВР на РМ.

Во однос на потребниот доказ за местото на живеење во постапката за прием во државјанство на РМ, согласно условите предвидени во член 7 од Законот за државјанство на РМ странецот треба да „има обезбедено живеалиште". Повеќето од лицата под супсидијарна заштита живеат во изнајмени куќи кои се во постапка на легализација (поради евтина закупнина) или се предмет на оставинска постапка и сопствениците на овие куќи не поседуваат имотен лист. Секторот за државјанство по свое толкување како доказ за обезбедено живеалиште го смета поседувањето на имотен лист или договор за закуп заверен на нотар (за склучување на овој договор на нотар потребен е имотен лист за објектот што се издава под закуп) иако како таков не е наведен во Законот за државјанство на РМ.

Ова од причина што постапките пред Управата за матичните книги за упис на новороденче чии родители се лица со признаено право на азил, се подолги од истите постапки за македонски државјани. Овие постапки траат долго бидејќи родителите со признато право на азил треба дополнително да прибават Уверение за својот статус од Секторот за азил при МВР и да го достават до Управата. Како и по прибавување на извод од МКР за новороденото дете истиот треба да се достави до Секторот за азил при МВР од страна на родителите со цел да се определи матичен број за истото, со цел детето да добие пристап до здравствените и социјалните услуги.

Овие документи Управата и Секторот за азил можат, но не ги прибавуваат, односно разменуваат по службена должност согласно Законот за прибавување и размена на докази и податоци со што би се оправдала целта за која што е креиран овој закон, да се олесни пристапот до

загарантираните права. Управата треба да има предвид дека одлучува за права на лица (и семејства), кои припаѓаат на особено ранливи категории на лица кои живеат во земјата.

## Права на странци и мигранти

**46. Ограничен пристап до територијата на РМ.** Во 2017 година т.н. *„западно-балканска рута"* остана затворена и на бегалците и мигрантите не им беше дозволен пристап до територијата на Македонија. Бројот на лица кои нерегуларно транзитираа во земјата значително се намали во споредба со претходните години. Релативно мал број на бегалци и мигранти престојуваа во прифатно-транзитните центри „Винојуг" и „Табановце", при што не им беше определен било каков статус во државата согласно законската регулатива. Во текот на целата година, македонските власти продолжија со праксата на враќање на бегалците и мигрантите во Грција надвор од било каква законска процедура пропишана со националното законодавство и без да им издадат решение за протерување. Без решение, бегалците и мигрантите немаа можност да ја напуштат земјата доброволно во одредена временска рамка или да ја оспорат одлуката за нивно протерување пред Државната комисија, како што е пропишано со закон. Како последица на тоа, тие беа лишени од најосновните права, вклучително и во однос на пристапот до информации и пристапот до правен лек со суспензивно дејство. Согласно статистиките на МЗМП, се работи за околу 534 лица кои беа вратени на овој начин[62]. Во февруари 2017 година, македонските власти во координација со грчките власти вратија 49 бегалци и мигранти од прифатно-транзитниот центар „Табановце" во Грција. Според МВР на РМ, враќањето било спроведено во согласност со договорот за реадмисија меѓу Македонија и ЕУ. Важно е да се истакне дека ниту лицата кои беа вратени ниту, пак, организациите кои работат на терен, вклучувајќи ја и МЗМП, не беа однапред информирани за враќањето. За овој случај Народниот правобранител изрази загриженост и сомнежи дека не се работи за реадмисија, туку за незаконит прогон спротивно на законот и спротивно на Конвенцијата за статусот на бегалците[63].

**47. Ограничен пристап до постапка за азил.** Согласно податоците на МЗМП, во 2017 година најголемиот дел од барателите на азил во Македонија (речиси 58%), побарале азил пред полицијата во Прифатниот центар за странци во Скопје[64]. На сите нив пристапот до постапката за азил

62 MYLA Monthly Field Reports, available on: www.myla.org.mk; заклучно со 30.09.2017
63 Извор: http://bit.ly/2xYezdW
64 Заклучно со 30.09.2017.

им бил овозможен откако престанале причините за задржување, односно откако лицата дале изјава пред суд како сведоци[65]. Со отежнат пристап до постапката за азил се соочуваа и бегалците сместени во прифатно-транзитните центри „Табановце" и „Винојуг" кои сакаа да поднесат барање за признавање право на азил. Вообичаената практика на полицијата во овие случаи беше да го извести Секторот за азил при МВР за секое лице кое изразило желба да бара азил. Секторот за азил спроведуваше неформално сослушување на овие лица пред да им овозможи да поднесат барање за азил, што не е во согласност со постапката уредена во Законот за азил и привремена заштита. При тоа, на лицата не им се овозможуваше пристап до правниот застапник, што исто така е спротивно на ЗАПЗ, кој предвидува дека барателите на азил имаат право на правна помош во сите фази на постапката[66].

**48. Лишување од слобода на странци од имиграциски причини.** Во 2017 година продолжи праксата на арбитрерно лишување од слобода на странци од имиграциски причини. Најмалку 60 лица беа задржани во Прифатниот центар за странци во Скопје[67] без да бидат соодветно информирани за правниот основ и можностите за оспорување на законитоста на задржувањето. Според согледувањата на МЗМП засновани на разговорите со дел од задржаните лица, тие биле приведени во моментот додека патувале со криумчари на мигранти. Речиси сите од нив биле информирани од страна на полицијата дека се сведоци во кривичните постапки против криумчарите на мигранти и биле ослободени откако дале исказ пред суд[68]. Согласно релевантната правна рамка[69], странец може да биде задржан заради утврдување негов идентитет и присилно отстранување од земјата. Следствено, задржувањето на сведоци заради обезбедување изјави во кривична постапка е противуставно и спротивно на членот 5 од ЕКЧП. Според податоците на МЗМП, задржувањето во 2017 година во просек траело 14 дена, а најдолготрајното задржување што е забележано е 60 дена. Условите на задржување се разликуваат од домашните и меѓународните стандарди, особено со оглед на тоа дека лицата не се во можност да поминуваат време на отворено.

**49. Политички мотивирана кампања за ксенофобија кон бегалци.** Во втората половина на 2017 година, во пресрет на локалните избори во

65 Македонско здружение на млади правници, „Полугодишен извештај на МЗМП за практиките на задржување странци во Македонија од имиграциски причини (јануари-јуни, 2017)", август 2017, достапен на: http://bit.ly/2xXVxog

66 Закон за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/2003, 66/ 2007, 142/2008, 146/2009, 166/2012, 101/2015, 152/2015, 55/2016 и 71/2016).

67 Заклучно со 30.09.2017.

68 Македонско здружение на млади правници, „Полугодишен извештај на МЗМП за практиките на задржување странци во Македонија од имиграциски причини (јануари-јуни, 2017)", август 2017, достапен на: http://bit.ly/2xXVxog

69 Закон за странците („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2006, 66/2007, 117/2008, 92/2009, 156/2010, 158/2011, 84/2012, 13/2013, 147/2013, 148/2015 и 217/2015).

Македонија се водеше кампања против населување на бегалци односно мигранти во државата. Како резултат на оваа кампања во 14 општини, се распишаа референдуми за изјаснување на населението „за“ или „против“ населување на бегалци на нивната територија и истите беа закажани да се одржат на истиот ден со локалните избори во Македонија. Државниот инспекторат за локална самоуправа одлучи со Решение да ги запре одлуките за организирање на локалните референдуми и поведе постапка пред Уставниот суд за утврдување на законитоста и уставноста на одлуките за распишување референдум донесени од општините. Одлуката е донесена врз основа на член 22 од Законот за локалната самоуправа, според кој општините немаат надлежност да одлучат за населување и интеграција на бегалци и/или мигранти на нивната територија, бидејќи таа надлежност е на органите на централната власт[70]. Тоа што дополнително загрижува се изјавите на претставниците на државните институции кои како одговор на кампањата изјавија дека нема да се населуваат бегалци, нема да се изградат станови и дека нема да се дава државјанства на бегалците во Република Македонија[71], што значи непочитување на обврските кои произлегуваат од меѓународните конвенции на која Македонија е потписник, но и на позитивните прописи во Македонија. Сето ова придонесе да се развие ксенофобија кон бегалците кај македонските граѓани преку нивна стигматизација, која дополнително ќе го отежни процесот на интеграција на бегалците во македонското општество.

# ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО МАКЕДОНИЈА

**50.Условите кои барателот мора да ги исполни за да го оствари правото на бесплатна правна помош се ограничувачки и не го олеснуваат пристапот до правда и институции.** 71-годишна скопјанка, примател на старосна пензија во висина од 10.800,00 денари а со задршка од 3.740,00 денари по основ на налог за извршување живее во заедничко домаќинство со нејзиниот син, снаа и две малолетни деца. Синот е невработен, а снаата како вработена прима просечна месечна плата од 13.800,00 денари. Поседуваат недвижен имот во вкупна површина од 51м2 кој претставува нивниот дом во кој живеат. Барателката побара претходна правна помош за комплетирање на барање за БПП во судска постапка за решавање на имотно правно прашање. Барањето е поднесено врз основа на член 12 став 1 од ЗБПП како лице кое не поседува доволно финансии за исплаќање на услуги на адвокат со чија помош ќе можат да се заштитат нејзините права и интереси пред суд. Одобрувањето на БПП на барателката ќе и овозможеше да добие еднаков пристап до институциите и еднаков

70 Извор: https://goo.gl/EVZSMv
71 Извор: http://sitel.com.mk/carovska-nema-da-se-gradat-stanovi-za-migranti-i-begalci

пристап до правда. Министерството за правда донесе решение со кое ова право не го одобри, а со образложение дека барателката не ги исполнува условите од член 12 став 2 од ЗБПП. Против ваквото решение, е поднесена тужба пред Управниот суд.

**51. Постапката за разгледување на барањето за БПП го пробива законскиот рок и начелото за итност.** Барателката е самохран родител на дете со посебни потреби, за кое прима месечен посебен додаток. Невработена е бидејќи потребите на детето се специфични и бараат секојдневна грижа. Пред неколку години била во брак, но иако бракот формално правно не бил разведен, истиот на фактички план не постоел, па така таа оформила вонбрачна заедница со друго лице. Со другото лице го имаат заедничкото дете, на кое како татко согласно законот е запишано лицето со кое барателката била во брак. Барателката побара претходна правна помош за комплетирање на барање за БПП во постапка за заштита на деца и малолетници, односно во постапка за оспорување и утврдување на биолошкиот родител на детето. Барањето е поднесено во првото тримесечје на 2017 година, а Министерството за правда донесе решение за одобрување на правото на почетокот на четвртото тромесечје на 2017 година. Со ваквото постапување на првостепениот орган, начелото за итност на постапката за одобрување на БПП е пробиено, односно постапката траела пет пати подолго одколку што е пропишано.

**52. Бесплатната правна помош не ги предвидува судските такси за отпочнување на парнична постапка.** Барателката била во брак со лице со кое имаат три заеднички деца, од кои едното е веќе полнолетно. За време на бракот, барателката трпела различни форми на семејно насилство, а ситуацијата ескалирала кога нејзиниот сопруг ја нападнал со остар предмет. Како последица барателката се здобила со тешки телесни повреди, изразени во вид на мозочна кома и разни скршеници по телото и черепот. Барателката побара претходна правна помош за комплетирање на три барања за БПП и тоа: 1. Од областа на заштита на деца и малолетници, 2. Од областа на заштита на жртви од семејно насилство, и 3. За прашање од имотно правен карактер, односно поведување на оставинска постапка на имот од починат родител на барателката. Барањата се поднесени во првото тримесечје на 2017 година, а Министерство за правда, по претходни ургенции од МЗМП има донесено само едно решение за одобрување на барање кое се однесува за решавање на прашање од областа на заштита на деца и малолетници односно покренување на бракоразводна постапка со определување на издршка за малолетните деца. Со определениот адвокат преку кој се реализираше бесплатната правна помош е поведена постапка за развод на бракот и е поднесен дополнителен предлог за ослободување на барателката од судски трошоци со оглед на нејзината финансиска и материјална состојба. За останатите две барања, Министерството се уште нема донесено решение.

# Дел 2: УСТАВНИТЕ ГАРАНЦИИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО 2017 ГОДИНА

## 2.1 Заштитата на човековите права пред судовите на РМ

***Судовите како заштитници на човековите права во РМ:***

Судовите во РМ ги штитат човековите права непосредно, преку овозможување на секој граѓанин да се повика на заштита на слободите и правата пред нив (редовните судови) како и посредно, преку оценка на законитоста на поединечните акти на органите на државната управа (управните судови). Повредите на некои позначајни слободи и права во одредени случаи се предвидени дури и како посебни кривични дела за кои судовите одлучуваат во кривична постапка.

Заштитата на човековите права е предмет на одлучување од страна на судовите заедно со споровите меѓу граѓаните, кривичните дела и прекршоците како и други работи што со закон се предвидени од судска надлежност. Она што е специфично за заштитата на човековите права во споредба со останатите односи и состојби кои се во надлежност на судовите е тоа што **не постои посебна постапка во која судовите одлучуваат за заштита на човековите права**. За разлика од ова, во споровите меѓу граѓаните се одлучува во рамки на парничната постапка, за кривичните дела и прекршоци се одлучува во кривична односно прекршочна постапка, во оценка на законитоста на поединечните акти се одлучува во управен спор, а за останатите прашања судовите одлучуваат во вонпарнична постапка. Поради тоа, секој граѓанин кој што смета дека му е повредено некое од човековите права ќе може истото да го направи само во некоја од претходно споменатите постапки. Ова значи дека барањето за заштита ќе мора да исполни одредени критериуми од формален и материјален аспект како би било земено предвид.

## Студиии на случаи по кои постапувале судовите во 2017 година

### Случај 1: ЉЅ.Ф. против Основен суд Скопје 2

***Врховниот суд утврди повреда на правото на судење на разумен рок на тужена страна***

#### а. Факти:

Против ЉЅ.Ф. пред повеќе од 17 години на 21.08.2000 година до Основен суд Скопје 2 е поднесен Предлог за издавање на решение врз основа на веродостојна исправа во вредност од 29.340,00 денари од страна на правниот претходник на АД за изградба и стопанисување со стамбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје. Спорот произлегол од договор за купопродажба на стан во општествена сопственост, солемнизиран кај нотар од 28.09.1999 година. На 25.10.2000 година судот донел Решение со кое го усвоил овој предлог. ЉЅ.Ф. поднела навремен приговор со кој навела дека нема никаков заостанат долг кон тужителот и барањето нема никаков основ.

14 години по поднесувањето на приговорот, судот го закажал првото рочиште за главна расправа, односно на 07.04.2015 година, а донел пресуда на 24.02.2016 година. Со тоа вкупното траење на првостепената постапка било 5 години и 6 месеци, што е објективно неразумно долг период за предмети од ваков вид, како и со оглед на сложеноста и обемот на предметот. Треба да се напомене дека за целиот овој период за барателот односно за долгот истакнат во тужбеното барање на тужителот, течела законска казнена камата, која за тужената била од голема неизвесност за конечниот исход.

#### б. Опис на постапката по поднесеното барање за заштита на правото на судење во разумен рок:

На 27.04.2016 година, барателката преку својот полномошник поднесе барање за заштита на правото на судење во разумен рок со барање на правичен надоместок согласно чл.35 и 36 од Законот за судовите. По ова барање, првостепениот совет на Врховниот суд донел Решение[72] од 15.03.2017 година, со кое барањето на барателката го усвоил, утврдил повреда на член 6 став 1 од ЕКЧП и повреда на чл. 35 и 36 од Законот за судовите и досудил 10.000 денари на име правичен надоместок за сторена повреда. Барателот смета дека со ваквата одлука на првостепениот совет

72 Решение ПСРРГ бр. 97/2016 од 15.03.2017 година на Врховен суд на РМ

на Врховниот суд погрешно и нецелосно е утврдена фактичата состојба и е досуден многу низок паричен надомест со оглед на сторената повреда и поставеното барање за паричен надоместок во висина од 200.000 денари како и надомест на трошоците на постапката во висина од 10.000 денари.

Незадоволна од висината на досудениот надоместок поради тоа што е недоволен за да се надомести правната несигурност во која таа живеела 15 години, Љ.Ф поднесе жалба со која бараше зголемен надоместок. Жалбениот совет, имајќи ги предвид фактите и околностите на конкретниот предмет, при одлучување и оценка на разумноста за траење на постапката, оцени дека досудениот паричен надоместок од 10.000 денари не претставува соодветен надоместок. Однесувањето на подносителот не влијаело на должината на постапката, а судовите не постапувале во насока на тоа постапката да се спроведе во што е можно пократко време, биле неефикасни и неефективни и дозволиле истата непотребно да се одолговлекува.

Врховниот суд делумно ја усвои[73] изјавената жалба со тоа што Решението од 15.03.2017 година го преиначи во делот на досудување на правичен паричен надоместок на барателот поради утврдена повреда на судење во разумен рок, така што покрај досудениот износ од 10,000 денари досуди уште износ од 20,000 денари или вкупен износ од 30,000 денари кои треба да се исплатат во рок од три месеци од денот на правосилноста на решението од Судскиот буџетски совет. Вака досудениот паричен надоместок жалбениот совет смета дека е справедлив, со оглед на околностите на конкретниот предмет, водејќи сметка за судската пракса на ЕСЧП во предметите против Р.Македонија за ваков вид предмети, времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот и економско-социјалната положба на државата како и висината на предметниот спор.

**в. Заклучоци:**

Врховниот суд на РМ утврди повреда на правото на судење во разумен рок, а со второстепеното решение и трикратно го зголеми износот на справедливиот надоместок за барателката. Овој случај е особено важен затоа што се работи за право на судење во разумен рок на тужена страна која со ништо не придонела за одолговлекувањето, а била приморана 15 години да живее во неизвесност дали судскиот предмет е завршен или не. Сепак одлуката на Врховниот суд мора да има последици и за судот кој дозволил од фактичка и правна гледна точка мошне едноставен предмет да не биде решен повеќе од 15 години.

73 Решение ПСРРЖ бр. 129/2017 од 02.10.2017 година на Врховен суд на РМ

**Случај 2: Е.К. против Министерството за внатрешни работи**

***Основниот суд Скопје 2 и Апелациониот суд Скопје и понатаму засноваат пресуди со повикување на пропис кој нема правна сила во РМ***

**а. Факти:**

Е.К. е македонски државјанин, припадничка на Ромската етничка заедница. На 19.6.2014 од Аеродромот Александар Велики имала намера да отпатува до Констанц, СР Германија преку Базел, Швајцарија во посета на нејзината сестра. Со себе на аеродромот понела важечка биометриска патна исправа, гарантно писмо, потврда за редовен работен однос и одредена количина на готовина. Полицискиот службеник при вршењето на граничната контрола одбил нејзин излез од територијата на РМ со усно образложение дека не ги исполнува условите за патување во наведените дестинации и дека поради тоа постојат индиции дека ќе го злоупотреби безвизниот режим со ЕУ за да побара азил во некоја од државите членки на ЕУ. Според полицискиот службеник, гарантното писмо било нечитко и таа немала доволно финансиски средства кај неа. Е.К. не добила никаков писмен акт во кој ќе бидат образложени причините поради кои и било ускратено правото да ја напушти територијата на РМ. За време на настанот на ниту еден патник кој не бил од ромска етничка заедница, а кој се упатил на конкретниот лет не му бил забранет излез од РМ.

**б. Опис на поведена судска постапка:**

Е.К. поднесе тужба против МВР на 18.7.2014 пред Основниот суд Скопје 2. Со тужбата бараше да се утврди дека и се повредени уставно загарантираното право на слобода на движење и дека недозволувањето на премин на државната граница е единствено последица на нејзината етничка припадност. Во тужбата Е.К. навела дека ниту била ниту е во моментот кривично гонета, не е закана по безбедноста на РМ ниту пак е закана за здравјето на граѓаните, кои се единствени можности согласно Уставот на РМ да се спречи излез од територијата на РМ. Тужителката се повикува и на судска пракса на ЕСЧП во случајот Stamose v. Bulgaria (Application no. 2971/05).

Во одговор на тужбата, МВР наведе дека постапувало согласно своите законски овластувања содржани во член 15 став 4 од Законот за граничната контрола, а како причина за недозволениот излез на тужителката бил фактот што таа не поседувала доволно парични средства за време на престојот на крајната локација и за враќање во РМ. Поради тоа, постоеле индиции дека таа би ја злоупотребила визната либерализација што претставува закана за меѓународните односи на РМ со земјите членки на ЕУ. Особено е назначено во одговорот на тужба дека при намера

за напуштање на Македонија потребно е да се почитуваат уставите и законите на другите држави членки на ЕУ за условите за влез и право на слобода на движење кои се дефинирани во член 17 (1) од Шенгенскиот граничен кодекс.

По петмесечна постапка, првостепениот суд донесе Пресуда[74] со која тужбеното барање го одби како неосновано. Во пресудата, судот ги применил членовите 5, 6, 38 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, член 2, 3, 4 и 8 од Законот за гранична контрола, член 5 точка Ц, член 34 точка Ц и анекс 25 од Шенгенскиот граничен кодекс, со посебно назначување на член 17 од овој акт со толкување дека во намерата за напуштање на територија на РМ потребно е да се почитуваат условите за влез и правото на слобода на движење во рамките на територија на земјите членки на ЕУ, понатаму Шенгенскиот граничен кодекс и директивата на ЕУ од 29ти април 2014 година. Судот оценил дека со ништо не е утврдена дискриминација односно дека на тужителката не и е повредено правото на еднаквост и дека сите лица биле еднакво третирани од страна на тужениот и при постапувањето се почитувани сите прописи кои важат во Македонија.

Против Пресудата, Е.К. поднела жалба. Во жалбата, Е.К. се повикува на погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Фактичката состојба не е во целост утврдена бидејќи судот не дал доволно образложени причини во поглед на утврдување со сигурност од што се раководело службеното лице кај тужениот кога констатирал дека тужителката не ги исполнува потребните услови за излез од сопствената држава. Понатаму, првостепениот суд не утврдил со сигурност дали конкретниот Шенгенски граничен кодекс кој како регулатива важи и се применува исклучиво во земји членки на ЕУ. Оттука, како главен пропуст на основниот суд е пропуштање да утврди дали Шенгенскиот граничен кодекс може да претставува дел од законодавството во РМ и согласно тоа да се заснова одлука по него. Од друга страна, во низата на пропусти во првостепената пресуда, се и пропустите при утврдување дали бордер кодот се применува и важи исклучиво при влез во земја членка на ЕУ и дали единствено службено лице на земја членка на ЕУ може да забрани влез во својата земја повикувајќи се на овие услови.

Апелациониот суд жалбата ја уважи и одлучи првостепената пресуда да ја укине, а предметот да го врати на повторно постапување и одлучување[75]. Сите наводи кои се истакнати во жалбата, второстепениот суд ги нашол за основани, а на нивна основа дал и насоки како првостепениот суд да постапи во новата постапка. Откако ќе ги расправи сите наведени спорни факти, првостепениот суд би требало во повторната постапка со сигурност да утврди дали Е.К. ги исполнувала условите за

74 Пресуда XII П4 – 1277/14 од 24.12.2014 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје
75 Решение ГЖ – 2958/15 од 07.07.2016 година на Апелациониот суд Скопје

излез од Македонија, дали овластеното службено лице постапило или не постапило во согласност со Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани во РМ, а најбитно, дали со таквото постапување е повредено правото на Е.К. на еднаквост и правото на слободно движење.

Во повторната постапка, првостепениот суд во Пресудата[76] која ја донел, повторно ја утврдил фактичката состојба како и претходниот пат. Утврдил дека Е.К. немала доволно пари и гарантно писмо во оргинал па поради тоа била вратена назад и и бил оневозможен излез од Македонија. Тоа значело дека таа не ги исполнувала условите за влез во Германија согласно член 5 точка Ц од Шенгенскиот граничен кодекс. Според овој кодекс, граничните власти на земјите членки имаат право да одбијат влез и тие ја носат крајната одлука за влез, но со оглед на тоа дека Шенгенскиот граничен кодекс е регулатива на Европскиот парламент и Советот на министри на ЕУ, судот поставува прашање дали оваа регулатива може да се применува и во Македонија и на кој начин. Во продолжение судот наоѓа дека основа за примена на Шенгенски граничниот кодекс е во донесување на Законот за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Македонија и Европската заедница и нејзините членки од 2001 година како и кандидатскиот статус на Македонија за влез во ЕУ. Оттука, а со оглед на овој Закон за ратификација, судот смета дека Македонија и Европска заедница и нејзините земји членки презеле обврска да соработуваат, покрај другите области и во областа на визи, гранична контрола, азил, миграции, а во овој поглед Владата на РМ преземала мерки во насока на анулирање на оваа појава на злоупотреба на визната либерализација. Судот продолжува со ставот дека примената на Шенгенскиот граничен кодекс не е во спротивност со Уставот на Македонија од причина што Македонија на ваков вид на соработка се обврзала со склучување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Со оглед на овие причини и иако на Е.К. не и бил дозволен излез од земјата, судот смета дека во овој конкретен случај не станува збор за дискриминација и повреда на правото на слобода на движење, а уште повеќе што Е.К. како тужителка не навела лица на кои не им било дозволено да ја напуштат државата што ќе послужи како компаратор.

Е.К. повторно го искористува своето законско право на жалба против првостепената пресуда во која повторно е одлучено да се одбие нејзиното тужбено барање во целост. Генерално, жалбата е сконцентрирана на опсегот на Законот за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу РМ и Европска заедница и нејзините членки од 2001 година, кој првостепениот суд го зема како основа за одбивање на тужбеното барање. Со оглед на содржината на одредбите на спогодбата, главниот аргумент е дека во нејзината суштина не постои утврден начин или можност за забрана за излез од државата. Во однос на Шенгенскиот граничен кодекс, во жалбата е наведено дека тој исклучиво важи и се применува во земји членки на ЕУ и земји потписнички на самиот бордер

76 Пресуда XVIII П4 бр. 785/16 од 29.03.2017 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје

код, а Македонија не е членка на ЕУ. Од оваа состојба, овој код не е дел од законодавната рамка на РМ, па е сосема нејасно како првостепен суд може да заснова одлука на пропис кој не е дел од домашната регулатива. Освен тоа, како аргумент повеќе во жалбата беше назначено правилото за товар на докажување во случаи на утврдување на дискриминација. Оттука, тужениот во текот на цела постапка (и првата постапка како и постапката за повторно судење и постапување) не доставил ниту еден доказ преку кој би се утврдило дека им е забранет излез и дека им се барани на увид други пропратни документи и докази на лица кои не се припадници на ромската етничка заедница.

Поднесената жалба од страна на Е.К. е одбиена како неоснована со Пресуда од јули месец 2017 година[77] . Второстепениот суд зазема став дека на тужителката Е.К. за да престојува во Германија, најпрво и биле потребни доволна сума парични средства кои всушност ги немала, а притоа и недостасувало и гарантно писмо во оргинал. Овие услови второстепениот суд ги извлекува од член 5 точка Ц од Шенгенскиот граничен кодекс. Со оглед на изнесеното, судот смета дека првостепениот суд правилно оценил кога како основа за примена на Шенгенскиот граничен кодекс јаземал Спогодбата за асоцијација и стабилизација, однсно Законот за ратификација на спогодбата. Во оваа насока, и второстепениот суд не наоѓа постоење на дискриминација кон тужителката по национална основа иако не и било дозволено да ја напушти сопствената држава.

**в. Заклучоци:**

Сосема е погрешен ставот на судот дека основа за примена на Шенген бордер кодот е Спогодбата за стабилизација и асоцијација од 2001 година.

Шенгенскиот граничен кодекс е **регулатива**[78] на Европскиот парламент и Советот на ЕУ со која се воспоставуваат правила на заедницата со кои се уредува движењето на лица преку границите. Овој кодекс не треба да се меша со Шенгенскиот договор. Регулативата е правно обврзувачки пропис кој што има непосредно и директно правно дејство на целата територија на ЕУ. Регулативата како таква е правно образувачка за државите кои се членки на ЕУ. Република Македонија не е членка на ЕУ и согласно тоа, до зачленувањето во ЕУ, регулативите на ЕУ не се извор на правото во РМ и одлуките и дејствијата на државните органи и судовите не можат да бидат засновани на нив. Судовите доколку веќе се повикуваат на овој пропис[79] можеле да го наведат членот 13 од

77 Пресуда ГЖ-3994/17 од 17.07.2017 година на Апелациониот суд Скопје

78 REGULATION (EC) No 562/2006 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 15 March 2006 establishing a Community Code on the rules governing the movement of persons across borders (Schengen Borders Code)

79 Иако тоа не дозволено. Согласно членот 98 од Уставот на РМ и членот 2 став 1 од Законот за судовите, судовите судат и ги засноваат своите одлуки единствено врз основа на Уставот на РМ, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Шенгенскиот граничен кодекс не е ниту еден од овие прописи.

оваа регулатива, кој јасно уредува дека во случај на одбивање на влез во државите од Шенген зоната ќе биде донесена и доставена образложена одлука, на која лицето ќе има право на жалба, нешто што во РМ не беше случај во спорното постапување на граничната полиција.

Засновање на судска одлука врз основа на ваква регулатива претставува груба повреда, од причина што истиот не претставува меѓународен договор ниту пак е ратификуван и со тоа – дел од законодавството на Македонија. Дополнително, Македонија не се обврзала ниту пак може да се обврзе за директно да го применува шенген бордер кодот. Регулативите како посебни правни прописи согласно член 288 од Договорот за функционирање на ЕУ се директно и целосно обврзувачки само во и кон државите членки на ЕУ.  Спогодбата за стабилизација и асоцијација не содржи ниту една одредба со која РМ се обврзала на директна примена на правните акти на ЕУ во своите внатрешни работи.

**Случај 3: ЕК против ЈЗУ Општа Болница Кочани**

***Судот утврди повреда на правата на пациент повредени при медицинска интервенција***

**а. Факти**

Лицето Е.К. е државјанин на РМ со место на живеење во Берово кој што при извршувањето на секојдневните обврски со секира се повредил во предел на левата дланка.  Веднаш по повредата, се упатил кај матичниот доктор во Берово каде му биле преврзани раните, но поради специфичноста на повредата бил упатен во ЈЗУ Општа болница Кочани. При прегледот му била констатирана повреда - посекотина на показалецот, третиот и четвртиот прст на левата шака, раните му биле хируршки третирани и му била поставена гипсена имобилизација. Следниот ден, поради силна болка, се упатил на лекар во здравствениот дом Берово каде му била направена рендгенска снимка и утврдена повреда изразена како скршеница. Тужителот на сопствена иницијатива отишол на преглед во приватна болница во Бугарија каде му била констатирана лезија на екстензиорниот мускул на третиот прст и му била извршена хируршка интервенција- сошиена тетивата.

**б. Опис на поведената судска постапка:**

Е.К. поднесе тужба до Основниот суд во Кочани против ЈЗУ Општа болница Кочани со која побара Судот да утврди дека тужениот

го повредил правото на тужителот на потполна информираност за препорачаните медицински интервенции како и нивно спроведување, правото на навремено и ефикасно лекување. Со тужбата се бара Судот да утврди и дека тужената болница го повредила правото на тужителот на грижа, лекување и рехабилитација во согласност со неговите поединечни потреби со цел постигнување на највисоко можно лично здравје согласно достапните методи и можности на медицината.

Тужителот тврди дека при третирањето на неговите повредени прсти не била запазена процедурата согласно медицинските правила на лекување повредувајќи го на тој начин Законот за заштита на правата на пациентите. Исто така, тужителот се повикува на наодот и мислењето на вештото лице - специјалист по општа хирургија, субспецијалист по трауматологија каде е забележано дека при лекувањето на повредата на тужителот бил направен превид од страна на хирургот вработен кај тужениот, бидејќи било пропуштено да се изврши физички преглед на повредените прсти на тужителот. Доколку бил извршен физичкиот преглед ќе била утврдена неможноста за движење на третиот прст која можела да се забележи по извршениот рендгенолошки преглед, а кое било констатирано од страна на рендгенологот во Здравствен дом Берово како скршеница во санација и дека како последица на тоа, тужителот сега има намалена подвижност на третиот прст.

Во одговор на тужба, тужениот го оспорува тужбеното барање и наведува дека несовесното лекување на кое се повикува тужителот е факт кој несомнено треба да биде утврден, односно поткрепен со правосилна пресуда на кривичен суд во која ќе биде утврдена одговорност и вина на конкретен сторител. Исто така, наведува и дека тужениот не можел да има одговорност за нематеријалната штета на тужителот бидејќи повредата ја предизвикал самиот тужител, а тужениот само ја третирал повредата.

Со првостепената пресуда[80] Основниот суд во Кочани го одбил тужбеното барање на тужителот. Според овој Суд, констатациите на вештото лице се недоволни за да се утврди дека хирургот вработен кај тужениот направил превид, на тој начин повредувајќи го правото на навремено и ефикасно лекување на тужителот загрозувајќи му го здравјето. Според судот, услов да се бара одговорност од тужениот е водење соодветна постапка односно постоење на осудителна кривична пресуда со која докторот би бил осуден за кривично дело - Несовесно лекување или пак одлука на комисија при Министерството за здравство со која ваквиот превид би бил констатиран во евентуална дисциплинска постапка. Независно од тоа, судот укажува дека секој доктор дава дијагноза согласно своите знаења и искуство, а тоа нешто било направено и во овој случај бидејќи тој се јавил на преглед кај тужениот при што му бил обезбеден соодветен медицински третман согласно правилата на струката и согласно Законот за заштита на правата на пациентите.

80 Пресуда МАЛВП бр. 78/16 од 07.12.2016 на Основен суд Кочани

Тужителот се жали до Апелациониот суд дека првостепениот суд при донесувањето на побиваната одлука сторил суштествена повреда на парничната постапка, бидејќи во образложението нема доволно причини за решителните факти, постои противречност помеѓу изреката на побиваната одлука и причините дадени во образложението за решителните факти. Исто така, тужителот се жали дека дадените причини од страна на првостепениот суд за немање одговорност кај тужениот за повреда на права и нанесување нематеријална штета се нејасни и нецелосни.

Апелациониот суд во Штип ја уважува жалбата[81], ја укинува првостепената пресуда и го враќа предметот на повторно судење. Овој суд наоѓа дека првостепениот суд не ги утврдил решителните факти од кои зависи основаноста на тужбеното барање. Во таа насока, Судот не утврдил со каква повреда тужителот се јавил на преглед кај тужениот и на кој начин требало да се изврши лекувањето на повредата согласно медицинската наука и медицинските протоколи, односно дали во случајот докторот бил должен да изврши физички преглед на повредените прсти и рендгенолошки преглед за да се констатираат скршениците на средната фаланга од средниот прст или таквата повреда можела да се утврди и без рендгенска снимка. Исто така судот не утврдил и дали подолготрајното лекување на тужителот и намалената подвижност на третиот прст се во причинско-последична врска со медицинскиот третман кај тужениот.

Апелациониот суд му укажува на првостепениот суд дека при повтореното судење Основниот суд ќе треба: да даде доволно јасни и образложени причини за решителните факти; да ги изведе веќе изведените докази, да го повика вештото лице за да ја утврди причинско-последичната врска помеѓу пружениот медицински третман од докторот кај тужениот и последиците кои тужителот сега ги трпи поради намалена подвижност на третиот прст; да ја има предвид одредбата за одговорност на работодавецот од Законот за облигационите односи.

По повторното судење, Основниот суд во Кочани носи пресуда[82] со која се утврдува дека тужениот го повредил правото на тужителот на потполна информираност за препорачаните медицински интервенции како и нивно спроведување, правото на навремено и ефикасно лекување и му го загрозил здравјето. Исто така, судот утврдува и дека тужениот го повредил правото на тужителот на грижа, лекување и рехабилитација во согласност со неговите поединечни потреби и способности со цел постигнување на највисоко можно ниво на здравје согласно достапните методи и можности на медицината. Поради тоа, го задолжува тужениот да му плати на тужителот вкупен износ од 100.000,00 денари на име справедлив паричен надомест на нематеријална штета. Се утврдува дека при лекувањето на тужителот бил направен превид од страна на хирургот вработен кај тужениот бидејќи било пропуштено да се направи физички

81 Решение ГЖ-214/17 од 20.02.2017 од Апелациониот суд во Штип
82 Пресуда МАЛВП бр. 33/17 од 16.05.2017 година на Основен суд Кочани

преглед на повредените прсти на тужителот при што ќе била утврдена неможноста за движење на третиот прст при негово подигнување нагоре. Исто така, имало превид и кај скршеницата на средната фаланга од средниот прст, која можела да се евидентира по извршениот преглед, а кое било констатирано подоцна од рендгенолог во Здравствен дом Берово како скршеница во санација како последица на што тужителот имал намалена подвижност на тој прст. Поточно, утврдено е дека последиците кои ги трпи тужителот поради намалената подвижност на прстот се во причинско-последична врска со медицинскиот треман од докторот, за што одговорна е ЈЗУ Општа Болница Кочани како негов работодавач и е должен да му исплати надомест на нематеријална штета.

### в. Заклучоци

Овој случај укажува на проблеми во здравствениот систем како и повреда на правата на пациентите. Се работи за пропуштање на дејствие кое лекарот требало да го направи, односно да изврши физички преглед на повредените прсти при кој би била утврдена неможноста за движење на прстот при негово подигнување. Како резултат на овој превид, пациентот трпи физички и душевни болки и бил подложен на хируршка интервенција во приватна болница, надвор од Република Македонија.

Во однос на судската постапка, по поднесената тужба, првостепениот суд првично не нашол вина кај тужителот, туку поставил услов- постоење на друга постапка (кривична или дисциплинска) каде би била утврдена одговорноста на докторот. По уважената жалба до Апелациониот суд, во повторената постапка Основниот суд постапил по насоките на второстепениот суд. Имено, овојпат судот нашол повреда на правото на тужителот, и преку оцена на доказите и сослушување на вештото лице во врска со неговиот наод и мислење, нашол објективна одговорност кај тужениот – ЈЗУ Општа болница – Кочани, поради пропустот при лекувањето што го сторил докторот, а кој бил причина за последиците кои ги трпи тужителот поради намалена подвижност на третиот прст.

## Случај 4: Х.Х против Управа за водење на матични книги

***Донесено е првото решение со полна јурисдикција за промена на податоци во матична книга на родени и поништување на матичен број***

### а. Факти

21 годишно лице по проценка од специјалист психијатар започнало

хормонска терапија за промена на пол. Со оваа терапија, кај лицето започнале да се појавуваат секундарни карактеристики на жена, а по една година од примањето на терапија, извршена е хируршка интервенција за промена на надворешни полови карактеристики. Резултатот е добивање на надворешни полови карактеристики на женска индивидуа. Со ваквата интервенција, нејзиниот родов идентитет е целосно усогласен со половите карактеристики. Таа е со женски изглед, со типично женско име, но законски е маж бидејќи нејзиниот извод од матична книга на родените и нејзиниот документ за идентификација содржат ознака дека се работи за лице од машки пол.

### б. Опис на управната постапка која му претходела на управниот спор

До Управа за водење на матични книги при Министерство за правда, преку полномошник, странката поднела барање за исправка на податоци во матична книга на родени. Барањето е поднесено врз основа на Законот за матична евиденција и ЗОУП, па согласно член 23 од Законот за матична евиденција, побарано е да се донесе решение за исправка на податоците во делот за пол со назнака наместо машки да стои женски пол. Во прилог на барањето се доставени сите потребни докази – медицинска документација со која се потврдува дека странката по повеќе медицински интервенции (хормонска терапија, операција на горниот дел од телото и операција на гениталиите) извршила физичка промена на полот.

Управата за водење на матични книги донела решение[83] со кое го отфрла барањето за исправка на податоци со образложение дека не е надлежна да одлучува. Во своето образложение, освен што се прогласува како ненадлежна, Управата навлегла и во утврдување на фактичката состојба и ги извела сите докази кои се приложени кон барањето. Во секој случај, во решението не е даден правниот основ врз кој тоа е донесено, туку е сторено еднолично цитирање на законски одредби, без навлегување во ценење на доказите и нивно поврзување со фактичката состојба на начин како била опишана во барањето. Оттука, решението на првостепениот орган е донесено арбитрерно, врз основа на личен став на лицата кои ваквата одлука ја донеле, а не врз основа на закон.

Против првостепеното решение е поднесена благовремена жалба, во која се инсистира на Законот за матична евиденција, каде изречно се наведува дека надлежен орган за водење на матични книги е Управата за водење на матични книги во зависност од местото на живеење на барателот. Уште повеќе, со жалбата е доставен и доказ во кој еднаш веќе е постапено по ваков ист случај за промена на податоци за пол. Со жалбата особено се истакнува повредата на основните слободи и права на странката – право на приватност, телесен и морален интегритет од

83 Решение УП бр. 0904/269 од 03.03.2015 на Управата за водење на матични книги при Министерство за правда

член 11 на Уставот на РМ и член 8 од Европската конвенција за човекови слободи и права. Со оглед на тоа дека е доведен во прашање принципот на владеењето на правото, странката преку својот полномошник, меѓу другото, го истакна и ставот на Европскиот суд за човекови права дека државата мора да воведе мерки за правна заштита против арбитрерно постапување на државните органи за правата загарантирани со ЕКЧП, а дотолку повеќе што пропустот на државата да усвои правни мерки за обезбедување на правно признавање на променетиот пол претставува повреда на член 8 од Конвенцијата.

Решавајќи по поднесената жалба, Министерство за правда одлучи жалбата да ја одбие[84] како неоснована, а првостепеното решение да го потврди. Во образложението наведе дека аргументите биле неосновани, а Директорот на Управата за матична книга правилно постапил кога барањето на странката за промена на податоци го одбил како неосновано. Понатаму, во ова решение е наведено дека, иако Управата е надлежна за промена на податоци, "...во Македонија не постои законска регулатива по однос на ова прашање." Во однос на повредата на член 8 од ЕКЧП, второстепениот орган оцени дека истата не постои, "...бидејќи овој член во себе не ја содржи трансродноста, а оттука не може да се создаде обврска за државите кои ја ратификувале Конвенцијата да ратификуваат меѓународни документи во кои е уредена материјата за трансродноста па истите да се преточат во домашната легислатива."

### в. Постапка по управен спор

Против второстепеното решение е поднесена тужба до Управен суд на РМ поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право и погрешна примена на законот во постапката која му претходела на донесување на актот. Во однос на погрешно и нецелосно утврдената фактичка состојба, опишан е пропустот кој е направен во овој дел, особено дека не се земени предвид целокупните хируршки и медицински процедури преку кои поминала за биолошка промена на полот. Не е земен предвид ниту фактот дека тужителката е изложена на повреда на нејзиното право на приватност и личен интегритет при секоја интеракција со институциите, при барања за добивање и пристап до добра и услуги од страна на државни или приватни правни лица како и низа други ситуации во кои е потребно да се идентификува. Во однос на погрешна примена на материјалното право, во тужбата е посочен пропустот во поглед на констатацијата на второстепениот орган дека не постои законска регулатива по однос на ова прашање, со нагласување на уставниот принцип од член 8 став 2 дека слободно е се што со Уставот и законите не е забрането. Оттука и непостоење на ограничување да се изврши бараната промена на податоци во матична книга, без оглед на фактот дека веќе еднаш Управата има извршено

84 Решение бр. УП2. 07-38/2015 од 16.10.2015 на Министерство за правда

претходна промена на вакви податоци за друго лице. Од оваа појдовна точка за постоење на правен вакуум во националното законодавство по одредено прашање не може да биде оправдување за повреда на правата на граѓаните и непостапување во решавање на правната работа. Секако во оваа насока треба исклучиво да се почитува и член 118 од Уставот на РМ од страна на органите бидејќи оттука се наметнува должноста за почитување на ЕКЧП.

Управниот суд на РМ, за првпат донесе решение со полна јурисдикција[85], со кое одлучи барањето на барателката да го уважи, да ја изврши бараната промена во податоците на матична книга на родени во графата „пол" и го поништи матичниот број. Исто така, го задолжи органот за водење на матични книги по службена должност да достави до МВР барање за определување на нов матичен број, а МВР го задолжи да определи нов матичен број за неа. Во својата пресуда, Управниот суд се повика на член 8 од ЕКЧП – право на почитување на приватен живот. Најзначајно во целото решение е тоа што судот применува судска пракса и го цитира ставот на ЕСЧП во негова изречена пресуда во која говори за потребата од „...зголемено социјално прифаќање на транссекцуалците но и за правно признавање на новиот полов идентитет кај пост-оперативните транссекцуалци..."[86]. Истата пресуда содржи став дека "...родовиот идентитет е една од најинтимните области во приватниот живот на едно лице... според член 8 од Конвенцијата, поимот на лична автономија претставува важно начело на кое се темели толкувањето на границите кои тој член ги содржи, се штити личната сфера на секој поединец, вклучувајќи го и неговото право на одредување на податоци за својот идентитет како единка...". Уште повеќе, Управниот суд се повикува и на друга пресуда од ЕСЧ според која „...позитивната обврска според член 8 ги обврзува државите да го спроведат признавањето на промените на полот кај пост-оперативните трансродови лица преку измени и дополнувања на нивните податоци за граѓански статус со последиците што следат."[87]

### г. Заклучоци

Ова е првиот случај во Македонија каде Управниот суд во целост ја има исполнето својата функција на коректор на законитоста на актите донесени од страна на пониските органи, особено што за првпат е донесено решение во полна јурисдикција. На целиот случај поголема тежина му е дадена поради фактот што основно човеково право – Право на приватен живот е доследно почитувано со доследна примена на национална и меѓународна норматива. Сепак, загрижувачки е фактот што еден од најзначајните органи кои ги водат елементарнтите управни работи и прашања се уште не е сензибилизиран во областа, а

85 Решение УИ бр. 16/2017 од 25.09.2017 на Управен суд на РМ

86 Пресуда Christine Goodviwin v.s UK, бр. 28957/95 од 11 јули 2002 година

87 Пресуда H v.s Finland бр. 37359/09 од 13 ноември 2012 годинс

сензибилитет не постои ниту кај одговорните лица кои ги носат главните одлуки и решенија. Тоа секако се поврзува и со фактот што постои и недоволна примена и пред се, стручна оспособеност кај управниот кадар во врска со значењето и важноста на човековите права според прифатени меѓународни стандарди.

**Случај 5: А. и други против Министерството за внатрешни работи**

***Студија на 10 случаи по кои постапувал Управниот суд на РМ, а кои се однесуваат на заштита на правото на азил во РМ и кои укажуваат на невоедначена судска примена на законите***

**а. Факти:**

Овие случаи се однесуваат на управни спорови против решенија на Секторот за азил при МВР со кои се прекинува правото на супсидијарна заштита согласно чл. 6 од ЗАПЗ. Управните спорови произлегле од решенија на МВР со кои на 10 лица кои кои се наоѓале под супсидијарна заштита подолг период, им е прекинато правото на азил со образложение дека наводно претставуваат опасност по безбедност за Македонија. Овие лица се по потекло од Косово и престојуваат во РМ повеќе од 17 години.

Со поединечни тужби, тужителите поведоа управни спорови со кои ги побиваат донесените решенија бидејќи нецелосно е утврдена фактичката состојба дека лицето е опасност за безбедноста за државата, од причина што отсуствува доказ за потврда на овој факт.

**б. Донесени одлуки:**

Во четири од донесените првостепени пресуди[88] , Управниот суд ги уважи тужбите и ги поништи решенијата донесени од Секторот за азил при МВР. Во сите пресуди Судот го дава истото образложение, *„...судот наоѓа дека во списите кон предметот* ***нема доволно докази*** *за да може да се оценува законитоста на оспореното решение во смисла на член 1 од Законот за управните спорови (ЗУС), односно* ***нема факти поткрепени со соодветни докази*** *дека е утврдена материјалната вистина во смисла на член 9 од ЗОУП,* ***по однос на тоа дека тужителот претставува опасност по безбедноста на Македонија*** *поради што се исполнети причините за исклучување, односно тужителот како лице под супсидијарна заштита не може повеќе да ужива право на азил во Македонија. Во списите на предметот мора да постојат повеќе докази кои упатуваат на тоа дека одредбата од*

88 У-6 бр. 267/2015 од 05.11.2015, У-6 бр. 770/2015 од 10.03.2016, У-6.бр. 835/2015 од 07.10.2016 и У-6 бр.1136/2016 да 22.02.2017

*член 6 став 2 алинеја 1 од ЗАПЗ, е основано и законито применета, односно* ***докази од кои со сигурност ќе се утврди дека тужителот претставува опасност по безбедноста на Република Македонија,*** *на што тужителот основано укажува во тужбата..."*[89].

Од друга страна пак, со останатите шест пресуди[90], кои се однесуваат на идентична фактичка и правна состојба, тужбите се одбиени како неосновани. Првостепените решенија и во овие предмети се несоодветно и недоволно образложени со единствена назнака дека прекинато правото на азил (СП) им е прекинато поради тоа што тие наводно претставувале опасност по безбедноста на државата. Образложенијата на првостепените решенија како во предметите опишани претходно така и овде се целосно идентични што може мошне лесно да се утврди со увид во предметите. Сепак, спротивно на образложените пресуди во претходниот параграф, во пресудите со кои Управниот суд одлучил за овие предмети го дава следното образложение „*... по проверки од страна на МВР – Управата за безбедност и контраразознавање, и дадените образложени причини во предметот, дадено е негативно мислење, од причини што лицето претставува закана по безбедноста на Република Македонија... Управниот суд оцени дека во конкретниот случај,* ***тужениот орган правилно ја решил управната работа****, согласно правилата на постапката, целосно и правилно ја утврдил фактичката состојба и правилно го применил материјалното право кога одлучил, на тужителот од Косово, да му престане правото на азил заради супсидијарна заштита согласно членот 6 став 2 алинеја 1 од ЗАПЗ. Ова од причина што* ***горенаведената белешка (на Управата за безбедност и контраразузнавање бр. 36.5.4.1-1334/2 од 25.02.2016) е од доверлив карактер****, поради што овој суд оцени дека, туженот орган дал доволно образложени причини, кои во целост како правилни ги прафаќа и овој суд"*[91].

### в. Заклучоци:

Впрочем од досега наведеното можеме да заклучиме дека, за повеќе лица кои имаат иста земја на потекло – Косово и истовидна фактичка состојба, Управата за безбедност и контраразузнавање дала негативно мислење преку издавање на **доверлива службена белешка** до која немаат пристап ниту Секторот за азил, ниту Управниот суд (поради класифицираноста на информациите кои ги содржи). Со други зборови, управниот орган носи решенија без да го види доказот, со што го повредува начелото на материјална вистина од ЗОУП од чл. 8, чие остварување е единствено можно само со непосреден увид во доказните средства.

Невоедначената судска практика на која сакаме да укажеме, а е

89 Пресуда на Управниот суд У-6 бр. 835/2015 од 07.10.2016, стр. 2

90 Пресуди: У-6 бр. 501/2016 од 22.09.2016, У-6 бр. 218/2015 од 07.10.2016, У-6 бр. 845/2016 од 14.10.2016, У-6 бр. 846/2016 од 07.12.2016, У-6 бр. 912/2016 од 14.12.2016 и У-6 бр. 1121/2016 од 28.12.2016, сите на Управен суд

91 Пресуда на Управниот суд У-6 бр. 501/2016 од 22.09.2016, стр. 2-3

неспорно забележлива од претходно цитираните пресуди, се однесува на различниот одговор на прашањето - **дали може да се донесе законит првостепен управен акт во кој решителниот факт е утврден без непосреден увид во единствениот доказ (доверливата службена белешка од УБК)?** Со други зборови, дали издадената службена белешка со доверлива содржина од страна на УБК, над која ниту управниот орган ниту Управниот суд немаат пристап ниту увид, може да се користи како посреден доказ дека одредено лице е опасност по безбедност на државата. Со носењето на различни одлуки очигледно е дека во рамки на Управниот суд постои различно толкување во однос на ова прашање, што резултира со нееднаква судска практика.

Потребата од воедначена судска пракса во овие предмети покрај тоа што произлегува од уставната и законска обврска за еднакво и законито постапување кон сите како основен елемент на принципот на владеење на право е непосредно поврзана и со обврските кои РМ ги има преземено со ратификацијата на ЕКЧП, разработени во судската пракса на ЕСЧП[92].

## 2.2 Уставен суд на РМ

***Уставниот суд на Р. Македонија како заштитник на човековите права***

Уставниот суд на Р. Македонија ги штити човековите права на два начина. Прво преку оценка на уставноста и законитоста на законите и останатите општи правни акти има овластување да поништи или укине пропис доколку оцени дека тој ги засега или ги повредува уставно загарантираните слободи и права на граѓаните. Покрај оваа можност, има предвидено уште едно средство преку кое Уставниот суд директно се вклучува како заштитник на правата и слободите, а тоа е можноста секој граѓанин да побара директна заштита од овој суд во случај кога му е повредено некое од правата за кои е предвидена уставно-судска заштита[93].

***Заштитата на човековите права од страна на Уставниот суд на Р. Македонија во 2017***

92 Ал- Нашиф п. Бугарија и Чахал п. Обединетото Кралство

93 Слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност

## а. Оцена на уставноста и законитоста на прописите и општите акти

Во 2017та година најголем број на иницијативи за оценување на законитоста и уставноста пред Уставниот суд на РМ се отфрлени. Уставниот суд на РМ донесе одлука за укинување на член 98 став 5 алинеја 6 од Законот за административни службеници кој се однесуваше на престанокот на работниот однос на административниот службеник по сила на закон, ако наврши 62, 63, 64 или 65 години старост (за жени), односно 64, 65, 66 или 67 години старост (за мажи). Судот смета дека оспорената одредба не пропишува еднаква правна положба на граѓаните. Со одредбата на административните службеници им престанува работниот однос на различна возраст во зависност од нивниот пол, значи нееднаков однос кон граѓаните по основ на пол, секогаш кога условите за престанок на работниот однос по сила на закон и утврдени со посебен закон се различни за мажите и жените. Важно да се истакне за оваа одлука е ставот на Уставниот на РМ дека оспорената одредба е спротивна од начелото на владеењето на правото бидејќи е нејасна, непрецизна и неконзистентна. Ваквата одредба доведува до правна несигурност кај граѓаните од причина што уредувањето на правото на престанок на работниот однос е регулирано во Законот за работните односи, кој пак, во своите одредби упатува на примена на посебен закон, во случајов - Законот за административни службеници, а кој повторно во уредувањето на прашањето за престанок на работниот однос се повикува и упатува на примена на Законот за работните односи.

## б. Барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот

Голем број на предмети судот ги отфрла поради ненадлежност или поради постоење на процесни пречки за одлучување. Може да се смета дека причината за тоа се наоѓа во Уставот на РМ, во кој не е целосно опфатена заштитата од страна на Уставниот суд на сите лични и политичките права како и економските, културните и социјалните права и слободи на човекот и граѓанинот. Уставниот суд на РМ досега утврдил повреда на слободите и правата само по едно барање, и тоа во 2010 година по предметот У.бр.84/2009 со која го поништил решението донесено од Општинската изборна комисија.

Во месец април 2017та година Уставниот суд на РМ донесе решение[94] со кое го отфрла барањето за заштита на правото на еднаквост и недискриминација врз основа на имотна и социјална положба во уживање на правото на здравствена заштита и правото на социјална сигурност. Подносителот сметал дека со пресудата на Вишиот управен суд, Управниот суд на РМ, Решението на Фондот за здравствено осигурување и

94 У.Број: 166/2016-0-0 од 12.04.2017

Решението на министерот за здравство е повреден принципот на забрана на дискриминација врз основа на имотна и социјална положба, во врска со уживањето на правото на здравствена заштита и правото на социјална заштита и социјална сигурност на неговата почината мајка.

Тргнувајќи од содржината на членот 51 од Деловникот на Уставниот суд и од досегашната уставно-судска практика. Судот сметал дека во постапката за заштита на слободите и правата дава заштита само по однос на лично повредени слободи и права на подносителот на барањето, а не и на друго лице во чие име се поднесува барањето. Од причина што подносителот на барањето не барал заштита на слободи и права за себе лично, туку барал заштита во име на починато лице, Судот оценил дека не се исполнети процесните претпоставки и барањето го отфрлил.

Барањето по предметот У.бр. 22/2017 е отфрлено од страна на Уставниот суд на РМ по предметот кое се однесува на барањето за заштита од дискриминација по основ на верска припадност , права повредени со „Програмата на работни денови за 2017 година" донесена од МТСП. Подносителите на барањето сметале дека како припадници на католичката вероисповед, им биле повредени слободите и правата со „Програмата на неработни денови за 2017 година" поради тоа што не уживале еднаков третман во одбележувањето на празникот Велигден – Христово воскресение, со припадниците на православната вероисповед, иако католиците и православните припаѓаат на иста христијанска вероисповед. Во Програмата на Министерството било наведено дека на граѓаните кои практикувале католичка вероисповед им следувал само еден неработен ден за време на најголемиот христијански празник Велигден и тоа бил 17 април 2017 година (понеделник) како втор ден Велигден, а Велики петок, петок пред Велигден, 14 април 2017 година, не бил опфатен како неработен ден, додека за припадниците на православната вероисповед и тој ден бил неработен. Уставниот суд во постапката за заштита на слободите и правата дава заштита само по однос на лично повредени слободи и права на подносителите на барањето, при што повредата настанала со конечен или правосилен поединечен акт или преземено дејствие од надлежен орган во институциите на државата. Уставниот суд смета дека со барањето за заштита од дискриминација за повредено право по основ на верска припадност, барателите пред овој суд ниту се повикувале на конечен или правосилен поединечен акт, ниту пак бројот на неработни денови за празник, со донесувањето на Програмата од страна на Министерството, претставува дејствие и повреда спрема практикувањето на верска слобода и право и повреда на верско делување на припадниците на определена верска припадност.

Согласно Деловникот на судот, Уставниот суд по правило по овие барања треба да одлучува на јавна расправа. Од донесувањето на Деловникот во 1992 година до сега се одржале само 5 јавни расправи, што споредбено со бројките во годишните извештаи на Судот за тоа по колку вкупно барања постапувал Судот, значи дека само во 3,8% одржал јавна

расправа, иако во согласност со Деловникот, по барања за заштита на слободите и правата, по правило, се одлучува на јавна расправа[95].

Во месец февруари 2017 година, Европскиот суд за човекови права донесе пресуда за случајот Селмани и други против Република Македонија[96] со која Судот најде повреда на член 6 од Конвенцијата, во врска со неодржувањето на јавна расправа во постапката пред Уставниот суд на РМ. Со пресудата се утврдува и повреда на правото на слобода на изразување, право заштитено со членот 10 од ЕКЧП. На седницата одржана на 16 април 2014 во отсуство на странките, Уставниот суд го одбил барањето на жалителите. Во одлуката Судот навел дека ја утврдил фактичката состојба врз основа на доказите што биле приложени кон барањето и одговорот добиен од Собранието на Република Македонија. Жалителите во жалбата пред ЕСЧП тврделе дека во дадениот случај Уставниот суд не бил повикан да одлучува само за правни прашања, туку постоеле неколку спорни прашања за кои било потребно да се утврдат фактите, поради што тие барале да се одржи јавна расправа. ЕСЧП смета дека жалителите имале право на јавна расправа пред Уставниот суд и дека единствено Уставниот суд на РМ разгледувал и одлучувал за основаноста на предметот на жалителите, постапувајќи како прв и единствен суд.

***Заклучоци:***

Во 2017та година најголем број на иницијативи за оценување на законитоста и уставноста пред Уставниот суд на РМ се отфрлени а дополнително загрижувачки е податотокот што многу мал број на граѓани се одлучуваат да побараат заштита од страна на Уставниот суд за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот. Уставниот суд и во 2017та година продолжи со не одржување на јавни расправи по овие барања, иако таквото постапување е спротивно на член 55 од Деловникот на Судот согласно кој, по правило, по барањата за заштита на слободите и правата се одлучува по одржана јавна расправа.

95 Видливоста на Уставниот суд на РМ при носење одлуки, со посебен фокус кога одлучува за заштитата на слободите и правата на човекот и граѓанинот, Центар за правни истражувања и анализи – Скопје, достапна на: http://cpia.mk/vidlivosta-na-ustavniot-sud ,стр. 20
96 Случај Селмани и Други против Република Македонија (Жалба бр. 67259/14), пресуда од 09.02.2017 год

## 2.3 Постојана анкетна комисија за заштита на човековите права во РМ

***Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права како заштитник на човековите права во РМ***

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот (Комисијата) е работно тело на Собранието на Р. Македонија предвидено со Уставот на Р. Македонија (чл. 76 ст. 2 од Уставот). Мандатот на Комисијата[97], иако не вклучува истражни и судски функции, е особено важен за системот за заштита на човековите права затоа што овозможува директен надзор и следење на состојбата со заштитата на човековите права од страна на пратениците како претставници на граѓаните. Наодите на Комисијата се основ за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции доколку тие ги имаат повредено човековите слободи и права (чл. 76 ст. 3 од Уставот). За да се спречи мајоризација во работата на Комисијата од страна на парламентарното мнозинство, претседателот и заменикот на претседателот на Комисијата доаѓаат од редовите на опозицијата (чл. 108 ст. 2 од Деловникот на Собранието на Р. Македонија).

***Активности на Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права во 2017 година***

Заради доцното конституирање на Собранието на РМ (27 април 2017 година) не може да стане збор за било каква активност на Комисијата во првите четири месеци од 2017 година.

Во второто тримесечје на 2017 се конституираше и составот на Комсијата за периодот 2016 – 2020. Нејзин претседател е Фадил Зендели од партијата БЕСА, додека заменик на претседателот не е избран. Членови на Комисијата се: Павле Богоевски, Сашко Атанасов, Ферид Мухиќ, Мирсада Емини-Асани, Ане Лашкоска, Трајчо Димков, Панчо Минов, Крсто Јовановски, Кети Смилеска, Алија Камбероски, Нола Исмајлоска-Старова, Емилија Александрова, Зијадин Села, а заменици на членовите се: Никица Корубин, Маја Морачанин, Благојче Трпевски, Мухамед Зеќири, Реџаиљ Исмаили, Дафина Стојаноска, Горан Манојлоски, Ванковер Манчев, Борис Змејковски, Ирена Стефоска, Бети Рабаџиевска-Наумовска, Драган Данев, Слаѓана Митовска и Весел Мемеди.

Од нејзино конституирање, заклучно со Октомври 2017, Комисијата закажа само една седница, за 29.6.2017 година. На дневен ред на оваа седница беа презентација и разгледување на годишните извештаи за работата на Меѓуресорската комисија за извршувањето на одлуките

97 Дефиниран во чл. 2 т. 8 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на РМ бр. 85/2014

на ЕСЧП, Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП и на Комисијата за заштита од дискриминација за 2016. Предмет на дневен ред беше и допис од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 30.03.2017 година. Со увид во веб страната на Собранието на РМ не може да се заклучи дали оваа седница воопшто се одржала, бидејќи записник од истата не е достапен.

Владата на РМ во планот 3-6-9 како една од мерките за враќање на демократскиот амбиент во Собранието на РМ го вклучи и реактивирањето на оваа Комисија. Сепак, до 31.10.2017 Комисијата ниту се состана ниту спроведе било каква активност. Неколку граѓански организации, меѓу кои и МЗМП побараа од Комисијата разгледување на проблемот со расното профилирање на граничните премини. Согласно повратните информации со кои располагаме во моментот на состав на овој Извештај, седница по ова прашање беше закажана во месец ноември 2017та година за истата потоа се презакаже за месец декември 2017 година.

***Заклучоци:***

Ова уставно воспоставено парламентарно тело веќе подолг период е нефункционално, што е погубно за вклучувањето на Собранието во заштитата на човековите права. Особено загрижува тоа што нефункционирањето на ова тело може да се препише на мошне нискиот односно непостоечки приоритет кој парламентарците му го даваат на процесот за заштита на човековите права. Постојат одредени индиции кои произлегуваат од изјавите на одредени пратеници како и од заложбите на Владата на РМ ова тело да биде реактивирано и да биде механизам за парламентарен надзор над состојбата со човековите права во РМ.

## 2.4 Народниот правобранител на РМ

***Народниот правобранител како заштитник на човековите права во Р. Македонија***

Народниот правобранител е орган воспоставен со Уставот на Р. Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања (чл. 77 од Уставот на Р. Македонија). Надлежноста на овој орган е попрецизно уредена во Законот за Народниот правобранител, каде покрај заштитата на правата на граѓаните оваа институција ги штити и начелата на недискриминација и правична застапеност на припадниците на заедниците. Народниот

правобранител ја следи состојбата со почитувањето на човековите права и укажува на потребата од нивна заштита, спроведува соодветни истражувања, организира едукативни активности, навремено и редовно ја информира јавноста, соработува со граѓанскиот сектор, меѓународните организации и академската јавност, како и дава иницијативи за усогласување на домашната правна регулатива со меѓународните и регионалните стандарди за човековите права.

Народниот правобранител врши превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување преку спроведување на редовни и ненајавени посети на местата во кои престојуваат лица лишени од слобода. Од посебен интерес за Народниот правобранител е и заштитата на правата на децата и лицата со попреченост, заштитата од тортура и друго нечовечко однесување во местата каде лицата можат да бидат или се лишени од слобода, недискриминација и правична застапеност, како и почитувањето на принципот за судење во разумен рок и несовесно и неодговорно вршење на работите на судските служби.

Народниот правобранител постапува по поднесена претставка, меѓутоа доколку оцени дека е потребно, може да поведе постапка и по сопствена иницијатива. Народниот правобранител има должност и право да ги прибави сите факти и докази што се од суштествено значење за одлучување по претставката, а државните органи се должни да ги достават. Кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на подносителот на претставката од државен орган, тој може:

- да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди;

- да предложи повторно да се спроведе определена постапка согласно законот;

- да покрене иницијатива за поведување на дисциплинска или прекршочна постапка против службено, односно одговорно лице и

- да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за покренување на постапка заради утврдување на казнена одговорност, против службено односно одговорно лице, како и активно да учествува во постапката со право да даде предлози и мислења.

### *Активности на Народниот правобранител во 2017 година*

Во март 2017 стапија на сила измените на Законот на народниот правобранител[98] со која се зајакнаа надлежностите на оваа институција

98 Законот за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" бр. 181/2016)

во заштитата на човековите права. Како особено значајни треба да се издвојат:

- Право да спроведува редовни и ненајавени посети на местата каде лицата се, или може да бидат лишени од слобода заради превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

- Можност оваа институција да се појави во својство на т.н. пријател на судот или amicus curiae со што би се зајакнала судската заштита на човековите права во случаи каде Народниот правобранител веќе констатирал дека постои повреда на некое од правата.

- Во случаи на повреда на уставните и законските права на поголем број граѓани, малолетни лица и лица со попреченост, Народниот правобранител може да поднесе барање до Постојаната Анкетна Комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во Собранието на Република Македонија за испитување на случаите и преземање на мерки.

- Законско уредување на правата и овластувањето на Националниот превентивен механизам.

Во март 2017, Народниот правобранител изрази сериозна загриженост за обидите за инволвирање на децата во протестите (тн. За заедничка Македонија) организирани во повеќе градови во Македонија. Истовремено ги осуди и настапите на раководни лица во училиштата со кои се повикуваат ученици да излезат на протести и поради што ги повикува Училишните одбори, Градоначалниците, Државниот просветен инспекторат и Министерството за образование и наука, веднаш и без одлагање, секој во рамките на своите надлежности, да преземе соодветни мерки спрема лицата кои агитираат или дозволуваат во училиштата да се врши агитација и обиди за политичко инволвирање на учениците.

Народниот правобранител најостро ги осуди случувањата од 27 април 2017 и упадот во Собранието на Република Македонија, насилството врз пратениците и новинарските екипи и го критикуваше непрофесионалното и селективно постапување на МВР, кое наместо да го спречи - го овозможи насилството. Според Народниот правобранител, примената на двојни аршини во работата на овој орган ги потврди констатациите за длабоката партизираност на ова Министерство, што е за секаква осуда. Народниот правобранител ја критикуваше инертноста на полициските службеници кои видно од расположливите снимки, иако беа присутни, не реагираа и дозволија насилство, а новинарите беа попречени во вршење на својата работа и беше повредена слободата на медиумите.

Во јули 2017 Народниот правобранител го презентираше шестиот годишен извештај на Националниот превентивен механизам во кој идентификуваше повеќе сериозни проблеми кои се однесуваат за институциите во кои се наоѓаат осудени лица или лица лишени од слобода. Во КПД „Идризово" казна затвор издржуваат вкупно 1.996 осудени лица или скоро двојно повеќе од капацитетот на оваа установа. Условите не само што се далеку од предвидените стандарди, туку директно го погазуваат човековото достоинство и јасно упатуваат на понижувачкиот, нехуман и деградирачки третман. Според НП, во затворите има висок степен на корупција во која се инволвирани осудени лица и затворски службеници, од најниско па се до највисоко ниво, а се продаваат кревети, мобилни телефони, погодности и разни видови на дрога. Безбедносниот и здравствениот систем не функционираат, а нема ниту образовен систем, додека отсуството на ресоцијализацијата придонесува голем број од затворениците да станат повратници. Во 2017, Народниот правобранител поднесе и иницијатива за измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување (чл. 35), измена и дополнување на Законот за вонпарнична постапка, иницијатива за укинување на ставот 4 на членот 213 на Законот за социјална заштита и иницијатива за измена и дополнување на Законот за заштита на децата.

***Заклучок:***

Народниот правобранител на Р. Македонија во 2017 година ги идентификуваше и укажуваше на клучните проблеми и предизвици кои се однесуваат на заштитата на човековите права во државата. За сите сериозни предизвици со кои се соочува државата, а кои се однесуваат на заштитата на човековите права, Народниот правобранител во рамки на своите надлежности поведе постапки и ја информираше јавноста користејќи јасен речник без непотребни фрази за ублажување на проблемот. Правобранителот е препознаен во јавноста и особено меѓу граѓаните, што е особено видливо од бројот на граѓани кои дневно се обраќаат до оваа институција преку канцелариите на Народниот правобранител.

# Дел 3: ПРЕГЛЕД НА ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ДОНЕСЕНИ ВО 2017 КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Човековите права во РМ низ призмата на пресудите на Европскиот суд за човекови права донесени во 2017 година

Во 2017 година, Европскиот суд за човекови права (во продолжение Судот) донесе 7 пресуди кои се однесуваат на РМ. Во пет од нив Судот утврдил дека РМ ги повредила основните човекови слободи и права на граѓаните кои му се обратиле (жалителите), додека во две[99], Судот не нашол повреда. Врз основа на донесените пресуди државата од буџетот треба да им исплати на жалителите 42.600 евра на име нематеријална штета и 7.360 за трошоците на постапката. Со други зборови, во 2017 година РМ е задолжена да исплати вкупен износ од **49.960** евра заради сторени повреди на човековите права. Оваа година против РМ е поднесена и жалба од страна на лица со потекло од Авганистан, Ирак и Сирија во врска со наводи за нивно колективно протерување од РМ во Грција. Во овој случај МЗМП поднесе интервенција од трета страна. Со пресудите во кои наоѓа повреда, Судот констатира дека РМ ги повредила правото на фер судење, правото на приватен и семеен живот, правото на ефикасен правен лек и слободата на изразување.

99 Предмет Толевски против РМ (Жалба бр. 17800/10), Предмет Спиридоновска и Поповски против РМ (Жалба бр.40676/11)

### 1.Повреда на правото на фер судење и приватен и семеен живот во постапка за лустрација

***Предмет: Карајанов против Република Македонија*** [100]

Комисијата за верификација на факти (т.н Комисија за лустрација) во постапка против лицето П. Карајанов утврдила дека тој соработувал со органите на државна безбедност. Поради тоа, со решение утврдила дека тој го исполнил условот за ограничување на неговото кандидирање и вршење јавна служба согласно Законот[101]. Лицето го оспорило ваквото решение пред Управниот суд поради погрешно утврден идентитет (поткрепено со соодветна документација), негирајќи ја соработката со органите на државната безбедност. Управниот суд го одбил тужбеното барање. Во поглед на наводот за неверодостојноста на документите, Управниот суд бил на мислење дека апликантот можел да поведе постапка пред надлежен основен суд за докажување на нивната неточност. Апликантот се жалел и до Вишиот управен суд, но тој ја одбил жалбата и ја потврдил пресудата на Управниот суд.

Во апликацијата до Судот, лицето се повикува на повреда на *правото на фер судење, приватен и семеен живот и ефикасен правен лек* гарантирани со членовите 6, 8 и 13 од ЕКЧП. Според Судот, Конвенцијата штити права кои се практични и извршни. Оттука, **правото на правично судење не може биде сметано за ефективно ако барањата и согледувањата на страните не се вистински „слушнати" односно соодветно испитани од судот**. Исто така, ЕСЧП нагласува дека во постапка пред суд од прв и единствен степен, **правото на јавно сослушување ја подразбира обврската на усно сослушување**. Во овој случај, **апликантот не бил дел од постапката пред Лустрациската комисија и според тоа, не можел да ги презентира аргументите во своја одбрана**. Што се однесува на одлуката на Управниот суд, членот 6 од Конвенцијата бара домашните судови да дадат **пообемно образложение од тоа дека „апликантот не поднел докази кои укажуваат на поинакви факти"**. Во однос на аргументот за веродостојноста на документите, според Судот во Стразбур, Управниот суд не прецизирал каква постапка требало да покрене апликантот. Понатаму, ЕСЧП **не може да прифати дека апликантот требало да поведе постапка ,,пред донесувањето на оспорената одлука [на Комисијата]"**. Судот во Стразбур забележува дека во ниедна фаза од постапката пред домашните судови **немало усна расправа на која присуствувал апликантот**. Понатаму Судот смета дека домашните судови не ја исполниле својата обврска од член 6, став 1 и **не дале дале соодветни причини за својата одлука.**

100 Случај Карајанов против РМ (Жалба бр. 2229/15)
101 Закон за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, Службен весник на РМ бр. 86 од 09.07.2012 година

Што се однесува на повреда на правото на приватност, Судот и во други случаи[102] на лустрација има утврдено дека лустрациските мерки директно задираат во правото на приватен и семеен живот. Во дадениот случај, публицитетот на одлуката на Комисијата влијаела врз уживањето на правото на почитување на приватниот живот. Во конкретниов случај, Судот утврдува дека објавувањето на решението било во согласност со закон меѓутоа жалителот бил на возраст од 77 години кога Комисијата го донела своето решение, не бил на јавна функција, ниту бил кандидат за таква функција. Во утврдувањето на повредата, Судот го истакнува и мислењето на Венецијанската комисија дека **објавувањето на наодите на Комисијата за лустрација пред нивното разгледување од Суд е спротивно со членот 8 од ЕКЧП.**

Судот оценил дека нема потреба да ја испитува жалбата во однос на повредата на правото на ефикасен правен лек од член 13 од ЕКЧП. Судот смета дека условите од член 13 се помалку строги и заради тоа се опфатени и со тие од член 6, став 1.

Досудена нематеријална штета: 4 500 евра

Досудени судски трошоци: 1000 евра

**2.Долго траење на постапка за денационализација**

***Предмет: Петровиќ против Република Македонија***[103]

Лицето Д.Петровиќ, сега починат, бил македонски и српски државјанин роден во 1926 година. Во 2002 година, лицето повело постапка за денационализација на национализиран имот - хотел во Скопје. Надлежната комисија во Министерството за финансии го одбила неговото барање во 2004 година, на што тој се жалел. Второстепената комисија при Владата ја одбила жалбата. Понатаму, случајот неколкупати одел „напред-назад" пред органите и судовите на две нивоа на јурисдикција. За овој случај се чека пресуда од Вишиот управен суд по жалба поднесена на 26 јануари против пресуда на Управниот суд и покрај тоа што во јули 2014, жалителот се обратил до Врховниот суд, кој донел решение со кое утврдил долготрајност на постапката.

102 Rotaru v. Romania [GC], no. 28341/95, § 46, ECHR 2000-V; Leander v. Sweden, 26 March 1987, § 48, Series A no. 116; Rainys and Gasparavičius v. Lithuania, nos. 70665/01 and 74345/01, § 35, 7 April 2005; Turek v. Slovakia, no. 57986/00, § 110, ECHR 2006-II; Sidabras and Others v. Lithuania, nos. 50421/08 and 56213/08, § 49, 23 June 2015

103 Случај Петровиќ против РМ (Жалба бр.30721/15)

Врз основа на член 6, став 1 (право на правично судење) од ЕКЧП, лицето поднело апликација до Судот со која се жалел на долго траење на постапката за денационализација. ЕСЧП, ги земал предвид наодите на Врховниот суд дека **должината на постапката била прекумерна и не успеала да го исполни барањето за „разумен рок“**. Поради тоа и поради фактот што **честопати утврдил повреди на членот 6, став 1 во слични случаи** (на пример Миткова[104] против Република Македонија), Судот не нашол причина да одлучи поинаку и утврдил повреда на правото од член 6, став 1 од Конвенцијата, во поглед на долготрајност на постапката, а го одбил барањето за надомест на штета. Жалителот барал надомест на штета за изгубена добивка, која би ја имал од изнајмување на имотот. Според Судот, за да се разгледа ваквото барање жалителот треба да има конечна и извршна пресуда со која се утврдува право на сопственост како и каузална врска помеѓу долготрајноста на постапката и изгубената корист. Судот смета дека овие услови во случајов не се исполнети.

Досудена нематеријална штета: нема

Досудени судски трошоци: нема

**3.Ограничен пристап до суд**

***Предмет: „Центар за развој на аналитичка психологија“против Република Македонија***[105]

Жалителот, д-р М.А.Каранфилова, психијатар по професија, е сопственик и управител на ДОО со седиште во Скопје. Во 2004, приватната пракса со назив Самостојна специјалистичка ординација по невропсихијатрија „Д-р Марија Каранфилова“, склучила договор со Државниот фонд за здравствено осигурување (Фондот) за финансирање на третманите на корисниците на здравственото осигурување. Во 2006, инспекторатот[106] на Министерството за здравство, по извршениот надзор, на Ординацијата ѝ наложил да се пререгистрира како приватна здравствена установа за да биде во согласност со новите законски одредби. Следствено, психијатарот ја пререгистрирал ординацијата, променет бил нејзиниот назив во Приватна здравствена установа - специјалистичка ординација по невропсихијатрија „Д-р Марија Каранфилова“ и добила нов даночен број, а адресата останала иста.

Во меѓувреме, биле покренати две постапки против Фондот,

104 Број 48386/09, параграф 51, 15ти октомври 2015

105 Случај Центар за развој на аналитичка психологија против РМ (Жалби бр. 29545/10 и 32961/10)

106 Државниот санитарен и здравствен инспекторат

за непочитување на обврските од договорот склучен во 2004 година. Домашните судови ги отфрлиле тужбените барања наоѓајќи дека новата ординација не може да се смета за правен наследник на ординацијата, бидејќи имаат различни даночни броеви. Двете постапки завршиле со пресуди од Апелациониот суд. Во други парнични постапки помеѓу жалителот и Фондот, во врска со истиот договор од 2004 година, кои поради вредноста на спорот стигнале до Врховниот суд, била усвоена ревизија и случајот бил вратен на повторно одлучување. Врховниот суд утврдил дека пониските судови го игнорирале фактот дека оспорениот договор бил прекинат со известувањето од Фондот од 2006 година до новата ординација, која имала ист даночен број како жалителот. Согласно тоа, не може да се смета дека немало правен континуитет помеѓу субјектите.

Жалителот до ЕСЧП се жалел на немање пристап до суд во врска со неговите побарувања поврзани со договорот со Фондот, односно повреда правото од членот 6, став 1 од Конвенцијата. Судот ја утврдил оваа повреда, врз основа на тоа што членот 6 обезбедува секој да има какво било побарување во врска со неговите права изнесено пред суд. Според Судот, **„правото на суд" освен право да се поведе постапка, вклучува и право на „одлучување" на спорот од страна на суд. Во конкретниот случај, Судот утврдил дека одбивањето на судовите да ја утврдат суштината на споровите на жалителот, поради нивното утврдување дека немал активна легитимација, неоправдано го ограничил неговото право на пристап до суд.**

Досудена нематеријална штета: 3 600 евра

Досудени судски трошоци: 1 360 евра

### 4.Повреда на правото на слобода на изразување и повреда на правото на фер судење

***Предмет: Селмани и други против Република Македонија***[107]

Овој случај е поврзан со настаните во Собранието на РМ од 24 декември 2012 година. Се работи за присилно отстранување на новинари од галеријата во Собранието додека известувале за седница на која се расправало за донесување на државниот буџет за 2013 година, што било причина за тензии помеѓу владејачката партија и опозицијата и привлекло голем интерес кај јавноста и медиумите. За време на дебатата, група

107 Случај Селмани и други против РМ (Жалба бр.67259/14)

од пратеници од опозицијата почнале да прават неред во собраниската сала и биле исфрлени од обезбедувањето. Жалителите, акредитирани новинари, биле повикани да ја напуштат галеријата без да има објективна потреба за тоа, а тие истото го одбиле за да ја вршат својата професија, по што биле насилно отстранети од обезбедувањето. Новинарите се обратиле до Уставниот суд на РМ со барање за заштита на права, меѓутоа нивното барање било отфрлено.

Во својата пресуда, Судот едногласно **наоѓа повреда на правото на фер судење** (член 6) поради **неодржувањето на усна расправа пред Уставниот суд**. Исто така, Судот наоѓа и **повреда на слободата на изразување (член 10), поради отстранувањето на новинарите од галеријата од страна на обезбедувањето**. Оваа пресуда е многу значајна пред сѐ поради тоа што со неа **за прв пат се утврдува повреда на правото на слободата на изразување во РМ**. Судот смета дека **Владата на РМ не успеала да докаже дека било неопходно или оправдано отстранувањето на новинарите од галеријата**. Особено, немало индикации дека постои опасност од протестите пред Собранието кои се одржале истиот ден, од самите жалители (кои ниту придонеле, ниту учествувале во нередот во Собранието), или од пратениците од кои потекнал нередот. Судот не бил убеден дека жалителите можеле ефективно да го следат отстранувањето на пратениците, што е работа од легитимен јавен интерес.

Понатаму, случајот на апликантите пред Уставниот суд не бил исклучиво за правни прашања, но и за факти кои биле оспорени и кои биле релевантни за исходот на случајот. Поради тоа, имале право на усна расправа. И покрај барањето на апликантите, Уставниот суд не одржал усна расправа за нивниот случај без да даде причини зошто тоа не било неопходно.

Досудена нематеријална штета: по 5000 евра за секој од жалителите (6 на број)

Досудени судски трошоци: нема

## 5.Повреда на правото на слобода на собирање и здружување и слобода на мислата, совеста и религијата

### *Предмет: Православна Охридска Архиепископија против Република Македонија* [108]

Здружението немало можност да се регистрира во РМ односно, барањата им биле одбиени од формални причини како и поради тоа што било формирано од страна на странска црква или држава и дека името на здружението "Православна Охридска Архиепископија" е слично со називот „Македонската православна црква-Охридска архиепископија", и намерата била да се создаде паралелна православна религиозна група до МПЦ која го користела тоа име историски континуирано. Од страна на Уставниот суд на РМ барањата за заштита на слободите и правата биле одбиени од формални причини по што беше поднесена жалба пред ЕСЧП од страна на Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија во името на верското здружение „Православната охридска архиепископија".

Од страна на ЕСЧП беше утврдена повреда од членот 11 (слобода на собирање и здружување) во врска со членот 9 (слобода на мислата, совеста и религијата) од ЕКЧП поради одбивањето за регистрација на здружението како верска заедница. Судот утврдил дека иако државите имаат право да се уверат дека целта и активностите на здружението мора да се во согласност со правилата утврдени во законите, тие мора да го направат на начин кој што е соодветен со обврските преземени од државата, со ратификцијата на ЕКЧП.

Според мислењето на судот, државата се фокусирала на формални аспекти, како и причините кои ги дава државата не биле доволни и релевантни за да се оправда мешањето на државата во регистрацијата, како и да води сметка за сочувување на религискиот плурализам кој е од клучно значење за правилно функционирање на секое демократско општество. Дополнително, Судот во својата пресуда укажува на должноста на државата за неутралност и непристрасност во односот со другите религии и верски групи.

Досудена нематеријална штета: 4,500 евра

Досудени судски трошоци: 5,000 евра

108 Случај Православна Охридска Архиепископија против Република Македонија (Жалба бр.3532/07)

# ЗА ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

*Проектот на УСАИД за заштита на човековите права* е тригодишна програма (2014-2017) која има за цел да придонесе кон унапредување на заштитата и промоцијата на човековите права и демократските вредности во Р. Македонија преку правна едукација, стратешко застапување и зајакнување на капацитетите на правните професионалци и граѓанските организации. Проектот го спроведува Македонското здружение на млади правници.

Активностите на Проектот се групирани во следниве компоненти:

- **Јакнење на капацитети на адвокатите и младите правници во областа на човековите права**

Организирање на основни и напредни обуки од областа на човековите права како и програма за практиканство за млади правни професионалци, се со цел да се придонесе кон подобрување на нивните знаења во врска со промоцијата и заштитата на човековите права. Проектот има за цел да создаде тим од правни професионалци кои ќе можат да го стават на тест правниот систем и да придонесат кон градење на правна пракса за одбрана на човековите права и основните демократски вредности загарантирани со Уставот на РМ.

- **Стратешко застапување и правни совети во случаи на повреди на човековите права**

За жртвите од повреди на основните човекови слободи и права Проектот обезбедува бесплатни правни совети од страна на адвокати, како и стратешко застапување пред домашните судови и меѓународните институции. Резултатите од стратешкото застапување ќе бидат објавени во посебни годишни извештаи.

**• Зајакнување на улогата на граѓанските организации во правната заштита на човековите права**

Проектот работи и со граѓанските организации за да ги зајакне нивните капацитети за промовирање и заштита на човековите права. Проектот поддржува и воспоставување на соработка помеѓу граѓанските организации и адвокатите со искуство во заштитата на човековите права, со цел заеднички да спроведуваат образовни кампањи и активности за зајакнување на јавната свест во оваа област.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2017

ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА

## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Македонско здружение на млади правници


## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ НА ПРОЕКТОТ

Проект на УСАИД за заштита на човековите права
Македонско здружение на млади правници

Ул. Донбас 14/1-6, 1000 Скопје
Tel. +389 (0) 2 3220 870

contact@myla.org.mk | www.myla.org.mk